# Извештај за транспарентност 2024

## EY Северна Македонија



The better the question. The better the answer. The better the world works.

EY
Shape the future with confidence

# Содржина

**Порака од менаџерскиот тим** ..... 3
**За нас** ..... 6
Правна структура, сопственост и управување ..... 7
Поставеност на мрежата ..... 9
Создавање долгорочна вредност за општеството ..... 11
**Систем за управување со квалитетот** ..... 15
**Компоненти на нашиот систем за управување со квалитетот** ..... 19
Процес на проценка на ризикот во системот за управување со квалитетот ..... 20
Управување и лидерство ..... 21
Релевантни етички и законски барања ..... 22
Прифаќање и продолжување на клиентот и ангажманите ..... 24
Вршење на ревизии ..... 25
Ресурси ..... 29
Информации и комуникација ..... 38
Систем за управување со квалитетот мониторинг и корекција ..... 38
**Инфраструктура за поддршка на квалитет** ..... 42
**Практики за независност** ..... 49
**Приходи и надоместоци** ..... 53
Финансиски информации ..... 54
Исплаќање надомест на партнери ..... 54
**Прилог 1: Листа на ентитети од јавен интерес и останати ентитети** ..... 56
Ревизорски клиенти на EY Северна Македонија - ентитети од јавен интерес и останати ентитети ..... 57
**Прилог 2: Одобрени EY компании членки** ..... 58
**Прилог 3: Изјави** ..... 61



## Порака од менаџерскиот тим



**Николај Гарнев**
**EY Северна Македонија**
Раководен партнер за земјата и управител на Друштвото



**Владимир Соколовски**
**EY Северна Македонија**
Директор на ревизија и Управител на Друштвото

### За извештајот

Добредојдовте во Извештајот за транспарентност на Ернст и Јанг Овластени Ревизори ДОО Скопје (EY Северна Македонија) за 2024 година. Овој извештај служи како важен механизам за комуникација со инвеститорите на компаниите што ние ги ревидираме, претседателите и членовите на ревизорските комитети, регулаторите и другите заинтересирани страни.

Ние ги прифаќаме целите за транспарентност на Регулативата на Европската унија 537/2014 (Регулатива) и Македонскиот закон за ревизија, кои бараат од законските ревизори на ентитети од јавен интерес (PIEs) и други ентитети во Северна Македонија да објавуваат годишни извештаи за транспарентност. Извештајот за транспарентност на EY Северна Македонија за 2024 е во согласност со Регулативата и Македонскиот закон за ревизија и ја опфаќа фискалната година која завршува на 31 декември 2024, како и сите понови релевантни настани.

Овој извештај ги надминува регулаторните барања и нуди увид во тоа како сме инвестирале во квалитет и нашата уникатна EY култура, како сме посветени на континуирано подобрување за да се справиме со ситуации каде што можеби сме биле под високите стандарди што ги очекуваме од самите нас, и како се подготвуваме за иднината за постојано да обезбедуваме високо квалитетни, независни и објективни ревизорски и услуги за уверување.

### Нашата посветеност кон квалитетот на ревизијата

Бизнис светот се потпира на доверба и уверување. Нашата практика за уверување игра критична улога во заштитата на јавната доверба и уверување во капиталните пазари, што пак поттикнуваат инвестиции и економски раст. Обезбедувањето на високо квалитетни ревизорски и услуги за уверување е нашата основна цел и важен начин за исполнување на целта на EY за создавање подобар работен свет.

Извршувањето на високо квалитетни ревизии е врвен приоритет за EY Северна Македонија и започнува со независност, објективност и интегритет. Вклучува професионален скептицизам, усогласеност со професионалните стандарди и соодветна професионална грижа. Централна компонента на рамката за подобрување на квалитетот на EY е анализа на основните причини на проблемот која вклучува прашања на ниво на мрежа и ангажман. Лидерите на EY Северна Македонија темелно ги оценуваат точките идентификувани за време на внатрешни и надворешни инспекции за да идентификуваат области каде што квалитетот на ревизијата може да се подобри.

Развиени се и имплементирани се сет на одговорни акции за да се справиме со најпрактичните области на наоди и основни причини на проблемот од инспекциите. Развивањето на одговорни акции за наодите од инспекциите е клучен аспект на Системот за управување со квалитетот, како и одговорноста на луѓето од EY преку рамките за одговорност на EY. Некои специфични одговори поврзани со извршувањето на ревизијата вклучуваат воведување на нова водена работна процедура за ревизорските тимови за извршување на процесот на проценка на ризикот и понатамошно имплементирање на центри на извонредност за сложени ревизорски теми.

EY Северна Македонија продолжува да идентификува области за континуирано подобрување за да го подигне квалитетот на следното ниво.

**Нашата цел:** ***Градење подобар работен свет***

EY организацијата е посветена да ја извршува својата улога во градењето подобар работен свет.

Извршените ревизии од страна на нашите вработени, помагаат во изградбата на доверба во економиите во светот и во пазарите на капитал. Ревизорите на EY служат на јавниот интерес преку испорачување на високо квалитетни ревизии, со независност, интегритет, објективност и професионален скептицизам. Притоа, EY организацијата помага во креирање одржлива, долгорочна вредност за сите засегнати страни.

Годишната оценка на EY Северна Македонија заклучно со 30 јуни 2024 година беше дека Системот за управување со квалитетот обезбедува разумно уверување дека целите на Системот за управување со квалитетот се постигнати. Повеќе детали можете да најдете во делот за **Систем за управување со квалитетот** во овој извештај.

**Целосно вклучени** се глобалната стратегија и амбиција на EY да ја обликува иднината со доверба и да поттикне целесообразен раст, заедно. Глобалната стратегија ќе создаде нова вредност за заинтересираните страни на EY и ќе ја зацврсти позицијата на EY како лидер во професионалните услуги. Можете да научите повеќе за оваа глобална стратегија и за трансформацијата на ревизијата на EY во текот на повеќе години во делот за **инфраструктура за поддршка на квалитетот**. Во овој дел, исто така, ќе дознаете како продолжуваме да го трансформираме начинот на кој тимовите на EY Северна Македонија обезбедуваат ревизии за да ги задоволат променливите бизнис потреби и очекувања на заинтересираните страни. Во срцето на оваа трансформација е поттикнувањето на конзистентноста во тоа како се применува методологијата на ревизија на EY, како управуваме со ревизиите и како користиме иновативна технологија. Оваа посветеност вклучува инвестиција на EY од повеќе од 1 милијарда американски долари во платформа за уверување од следната генерација, која има за цел да зајакне довербата, транспарентноста и трансформацијата.

## Квалитет управуван од луѓето и културата на EY

Имаме непоколеблива посветеност кон создавање на средина во која луѓето на EY Северна Македонија можат да напредуваат. Ова вклучува ангажирање, обука и задржување на талентирани индивидуи, но и градење на вештини и искуства насочени кон иднината. Можете да научите повеќе за инвестициите во благосостојбата и развојот на луѓето на EY во делот за **Ресурси**. Веруваме дека овие инвестиции направени преку менторство, обука и дополнителна поддршка на работното место ќе помогнат на луѓето на EY Северна Македонија да стекнат и подобрат сложени вештини потребни за извршување на денешните ревизии и да ги поттикнат да дејствуваат со цел во своите кариери и да им дадат вештини за да станат следната генерација лидери.

Квалитетот не се управува само од техничките аспекти, туку и од акциите и однесувањето. EY се стреми да одржи култура на интегритет и одговорност, каде што секој е одговорен за стремежот да се постигнат највисоките стандарди. Културата на EY е поддржана од вредностите на луѓето на EY кои:

- Покажуваат интегритет, почит, тимска работа и инклузивност
- Дејствуваат со енергија, ентузијазам и храброст за да водат
- Градат односи базирани на правење на вистинските работи

Ова започнува со силен тон од врвот. Во делот за **Управување и лидерство**, можете да научите повеќе за културата на интегритет на EY и принципите утврдени во Глобалниот кодекс на однесување на EY.

Во текот на овој извештај се реферираме на резултатите од анкетата за слушање на вработените од март 2024 година [People Pulse Survey] и анкетата за квалитет за 2024, кои се глобално распределени. Анкетата за квалитет нѐ информира за перцепциите на луѓето на EY за културата на квалитет, вклучувајќи го и тонот од врвот, и во однос на обезбедување на секојдневните активности. Анкетата за слушање [People Pulse Survey] дава увид во искуствата на луѓето на EY и потенцијалните области за идни инвестиции за подобрување на нивното искуство и работна средина.

## Визијата на EY за општеството и планетата

Начинот на кој компаниите ги прифаќаат прашањата за одржливост е интегрален за нивната отпорност и создавање долгорочна вредност за различни клучни заинтересирани страни. Како реагираат и известуваат за овие прашања е исто така клучен компонент за градење доверба и уверување во компанијата. EY е посветен на одржливост преку намалување на јаглеродниот отпечаток на организацијата и преку поддршка на клиентите во нивните цели кон одржливост. Прочитајте повеќе за тоа како тимовите на EY можат да помогнат во водството на организациите низ комплексноста на известувањето за животната средина, социјалните аспекти и управувањето (ESG) во делот за **Нефинансиско известување** во извештајот.

Како горд учесник во Глобалниот пакт на Обединетите нации (UNGC), EY е посветен на напредување на Целите за одржлив развој (SDGs) и на усогласување на стратегијата и операциите со Десетте принципи на UNGC. Ова значи продолжување на вградување на одговорноста, инклузивноста и одржливоста подлабоко во сѐ што EY прави.

Преку EY Ripples, луѓето на EY го посветуваат своето време на проекти фокусирани на SDG, собирајќи ги комбинираните вештини, знаења и искуства на глобалната мрежа на EY во потрага по една заедничка визија: позитивно да влијаат на 1 милијарда животи до 2030 година.

EY останува на правиот пат да ги исполни постојните цели за декарбонизација, поставени во 2021 година, и ќе ги намали апсолутните емисии за 40% во рамките на Опсег 1, 2 и 3 до фискалната 2025 година, во однос на основната линија од 2019 година, во согласност со целта на EY 1.5C заснована на науката. EY останува посветен на целта „нето нула“ и работи на следната фаза од планот за декарбонизација на EY заснован на науката. EY Северна Македонија го прави својот дел во постигнувањето на овие цели. За повеќе информации за визијата на EY за иднината, ве молиме погледнете го делот за **Создавање на долгорочна вредност за општеството** во извештајот и EY Value Realized 2024.

Ги охрабруваме сите EY заинтересирани страни – вклучувајќи ги клиентите и нивните инвеститори, членовите на Одборот за ревизија и регулаторите – да продолжат да соработуваат со нас на нашата стратегија, како и за кое било од прашањата што се опфатени во овој извештај.

| | |
|---|---|
| **Николај Гарнев** | **Владимир Соколовски** |
| Раководен партнер за земјата и управител на Друштвото | Управител на Друштвото |
| Ернст и Јанг Овластени Ревизори ДОО Скопје | Ернст и Јанг Овластени Ревизори ДОО Скопје |



# За нас

# За нас



## Правна структура, сопственост и управување

Во Северна Македонија, Ернст и Јанг Овластени Ревизори ДОО Скопје е друштво со ограничена одговорност, основано во Скопје, Република Северна Македонија, и е член на Ернст и Јанг Глобал Лимитед, компанија од Обединетото Кралство, ограничена со гаранција (EYG). Во овој извештај се именуваме како ЕY Северна Македонија, „ние“, „ нас“ или  наши“. EY се однесува заеднички на глобалната организација на фирми-членки на EYG.

Ернст и Јанг Овластени Ревизори ДОО Скопје беше основана на 14 август 1997 година како друштво со ограничена одговорност, со сопственички капитал во износ од 1.887.500 денари. Сопственичката структура во ЕY Северна Македонија на 31 Декември 2024 е следна:

- Ернст и Јанг Југоисточна Европа паблик лимитед Никозија, со седиште на Еспиридон 10, 1087, Никозија, Кипар, со сопствен од 49% или 924.900 денари од капиталот на друштвото,
- Владимир Соколовски, овластен ревизор од Република Северна Македонија, со 48% или 906.000 денари од капиталот на друштвото,
- Даница Ганчева, овластен ревизор од Република Северна Македонија, со 3% или 56.600 денари од капиталот на друштвото.

Друштвото Ернст и Јанг Овластени Ревизори ДОО Скопје е регистрирано под број ДР007 во Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, и е носител на лиценцата за работа бр. 07-328/1 и регистарски број на лиценца 11, од 12 јули 2013 година, издадена од Советот за унапредување и развој на ревизијата на Република Северна Македонија. Главната дејност е регистрирана под број 69.20 - сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување.

ЕY Северна Македонија е носител на годишна осигурителна полиса за одговорност (полиса бр. 130400002028/00) со период на осигурување од 1 јуни 2024 година до 1 јуни 2025 година и осигурана премија којашто е над потребниот законски минимум, утврден согласно Законот за ревизија, применлив во Република Северна Македонија.

Седиштето на ЕY Северна Македонија е лоцирано на ул.Железничка 41/1, 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија. Ернст и Јанг Овластени Ревизори ДОО има филијала во Тирана, Албанија, и од 1 јануари 2019 година има удел во износ од 49% и во Ернст и Јанг Овластени Ревизори лимитед Косово, друштво за ревизија во Приштина, Косово.

Заклучно со 31 декември 2024 година, ЕY Северна Македонија има 22 вработени (16 вработени на неопределено време и 6 вработени на определено време). На 31 март 2025 година, EY Северна Македонија има 23 вработени (17 вработени на неопределено време и 6 вработени на определено време). Ернст и Јанг Овластени Ревизори ДОО Скопје има 4 вработени кои се овластени ревизори на Република Северна Македонија.

Ревизорското друштво е раководено од тројца сопственици, преку назначени менаџери. Друштвото има двајца управители, г-н Николај Гарнев и г-н Владимир Соколовски.

EY, исто така вклучува друго друштво, членка на EY Глобал (EYG) во Северна Македонија, Ернст и Јанг Услуги ДООЕЛ Скопје, друштво со ограничена одговорност, основано во Скопје, Република Северна Македонија (сестра фирма на Ернст и Јанг Овластени Ревизори ДОО Скопје).

Фирмите-членки на EYG се групирани во три географски области: Америка; Азија Пацифик; и Европа, Блискиот Исток, Индија и Африка (EMEIA). Областите опфаќаат повеќе региони. Региони се групирања на фирми-членки  по географски линии, со исклучок на регионите на Организацијата за финансиски услуги (FSO), кои ги опфаќаат активностите за финансиски услуги на релевантните фирми-членки во рамките на одредена област.

EY Северна Македонија е дел од EMEIA областа. Во рамките на областа EMEIA, има осум региони. EY Северна Македонија е дел од EMEIA регионот.

Ернст и Јанг (EMEIA) Лимитед (EMEIA Limited), англиска компанија ограничена со гаранција, е главниот координативен ентитет за фирмите членки на EYG во областа EMEIA. EMEIA Limited ја олеснува координацијата на овие фирми и соработката меѓу нив, но не ги контролира. EMEIA Limited е фирма-членка на EYG, нема финансиско работење и не обезбедува никакви професионални услуги.

Секој регион избира Регионален партнерски форум (РПФ), чии претставници ги советуваат и делуваат како овластен одбор за регионалното раководство. Партнерот избран за претседател на РПФ, исто така, е претставник на регионот во Глобалниот

совет за управување (види страна 9).

Во Европа, има холдинг ентитет, EY Europe SCRL (EY Europe). EY Europe е кооперативна компанија со ограничена одговорност (SRL или BA) регистрирана во Белгија и е во сопственост на партнери на фирми членки на EYG кој работат во Европа. Тоа е ревизорска фирма регистрирана од the Institut des Reviseurs d'Entreprises (IRE-IBR) од Белгија, но не врши ревизорски или други професионални услуги.

Во рамките на дозволената локална законска и регулаторна регулатива, EY Europe ја стекна или ќе ја стекне гласачката контрола над фирмите-членки на EYG кои работат во Европа. EY Europe е компанија-членка на EYG. EY Europe се здоби со контрола на гласањето на EY Македонија од 20 март 2019 година.

Управниот одбор на EY Europe е составен од високи партнери на фирми-членки на EYG во Европа. Неговите овластувања и одговорности се однесуваат на спроведување на стратегијата и управувањето со EY Europe. Партнерите на фирмите членки на EY во Европската економска област (EEA) и неколку други земји имаат удели во EY Европа.

## EY Области, Региони и Земји*




* Податоците се со 1 јули 2024 година



## Поставеност на мрежата

EY е глобален лидер во давањето на услуги за ревизија, данок, стратегија и трансакции и консултантски услуги. Во светот, скоро 400.000 вработени во фирми-членки во повеќе од 145 земји, ја делат посветеноста за градење на подобар работен свет, обединет со заеднички вредности и непоколеблива посветеност на квалитетот, интегритетот и професионалниот скептицизам. На денешниот глобален пазар, интегрираниот пристап на EY е особено важен во испораката на висококвалитетни мултинационални ревизии, кои можат да ја опфатат речиси секоја земја во светот.

Вкупниот приход за годината што завршува на 30 јуни 2024 година на ниво на EYG глобалните членки фирми, е околу 51,2 милијарди американски долари.

Овој интегриран пристап му овозможува на EY да се развие и да се осврне на опсегот и длабочината на експертизата, потребни за реализација на такви сложени ревизии.

EYG ги координира фирмите-членки и ја унапредува нивната меѓусебна соработка. EYG не дава услуги, туку во нивните цели вклучува унапредување на давањето исклучителни, високо квалитетни услуги кон клиентите од своите фирми-членки насекаде низ светот. Секоја компанија-членка е посебен правен ентитет. Обврските на фирмите-членки и нивните одговорности се раководени од регулативите на EYG и други најразлични договори.

Структурата и главните тела на глобалната организација, опишани подолу го отсликуваат начелото дека EY, како глобална организација, има единствена заедничка стратегија.

Во исто време, мрежата на EY работи на регионално ниво во рамките на областите. Овој оперативен модел овозможува поголем фокус на засегнатите страни во регионите, дозволувајќи им на фирмите-членки да градат посилни односи со клиентите и другите во секоја земја и да бидат повеќе одговорни на локалните потреби.



### Глобален Советодавен Одбор

Глобалниот советодавен одбор (ГСО) е клучно тело за управување на EYG. Се состои од еден или повеќе претставници од секој регион, други партнери на фирми-членки како најголеми претставници и независни неизвршни лица (ННЛ). Регионалните претставници, кои инаку не извршуваат високи раководни улоги, се избираат од нивните РПФ со мандат од три години, со можност за едно последователно повторно именување. Од 1 јули 2024 година, претставниците на ГСО од EY САД се членови на нејзиниот избран Управен одбор. ГСО ја советува EYG за политиките, стратегиите и аспектите од јавен интерес при неговото одлучување. ГСО одобрува, во некои случаи, по препорака на Глобалниот извршен директор (ГИД), одредени прашања кои би можеле да влијаат на EY.



### Независни неизвршни лица (ННЛ)

До шест глобални независни неизвршни лица (ННЛ) се назначуваат надвор од EY. Глобалните ННЛ се високи лидери или од јавниот или од приватниот сектор и одразуваат различни географски и професионални средини. Тие ѝ носат на глобалната организација и на ГСО значајна придобивка од нивните различни перспективи и знаења. Глобалните ННЛ, исто така, формираат мнозинство во Поткомитетот за јавен интерес (ПЈИ) на ГСО. Улогата на ПЈИ вклучува аспекти од јавен интерес на одлучувањето и дијалогот со заинтересираните страни, прашањата покренати во рамките на политиките и процедурите за укажување и вклучување во дискусии за квалитет и управување со ризик. Глобалните ННЛ се номинирани од посебен комитет, одобрен од ГИО и верификуван од ГСО.



### Глобален извршен одбор (ГИО)

Глобалниот извршен одбор (ГИО) ги сплотува заедно лидерските функции, сервисните услуги и географии на EY. Со овој одбор претседава претседателот и главниот извршен директор на EYG, а ги вклучува и глобалните раководни партнери за управување со услуги кон клиенти и поддршка за бизниси; обласните раководни партнери; глобалниот функционален лидер за талент, како и лидерите за глобалните сервисни линии – ревизија, консалтинг, Стратегии и трансакции и даноци.

ГИО, исто така го вклучува Потпретседателот на Глобалната комисија за пазари, Потпретседателот на Глобалната комисија за стратегија, Претседателот на Глобалната комисија за нови пазари, како и претставник од праксата на развојните пазари.

ГИО и ГСО одобруваат номинации за Претседател и Главен извршен директор на EYG и го

верификуваат именувања на глобални партнери за управување. ГИО, исто така одобрува именување глобални потпретседатели. ГСО ратификува именување на секој глобален потпретседател кој служи како член на ГИО.

Во описот на работни задачи на ГИО се вбројува и унапредувањето на глобалните цели и развојот, одобрување и, онаму каде што е потребно, имплементација на:

- Глобални стратегии и планови
- Заеднички стандарди, методологии и политики кои што треба да бидат унапредени кај фирмите-членки
- Иницијативи за вработени, вклучително и критериуми и процеси за примање, оценување, развој, наградување и пензионирање на партнери
- Подобрување на квалитет и програми за заштита
- Предлози во поглед на регулаторни работи и јавни политики
- Политики и упатства што се однесуваат на услугите кон меѓународни клиенти од фирмите-членки, развој на деловноста, пазари и брендирање
- Развојни фондови на EY и приоритети за инвестирање
- Годишни финансиски извештаи на EYG и буџети
- Препораки на ГСО за одредени работи

ГИО истотака редовно го ажурира статусот на имплементација на ISQM 1 и аспекти кои бараат нивно внимание.

ГИО исто така има моќ да посредува и да ги решава споровите меѓу земјите-членки на EYG.



## Глобална работна група

Глобалната работна група ги обединува членовите на ГИО, комитетите на ГИО, регионалните лидери и лидерите на сектори. Се обидува да промовира заедничко разбирање на стратешките цели на EY и помага во поттикнување на конзистентно спроведување низ целата организација.



## Фирми- членки на EYG

Според прописите на EYG, фирмите-членки се обврзуваат да ги остварат целите на EY, како што е обезбедувањето висококвалитетни услуги ширум светот. За таа цел, фирмите-членки преземаат имплементација на глобални стратегии и планови и работат на одржување на пропишаниот опсег на услуга. Од нив се бара да се усогласат со заедничките стандарди, методологии и политики, вклучително и оние кои се однесуваат на методологијата на ревизија, управувањето со квалитетот и ризикот, независноста, споделување на знаење, талентот и технологијата.

Пред сè, фирмите-членки на EY се посветени на вршење на нивните професионални работи согласно применливите професионални и етички стандарди, како и применливите законски барања. Ваквата посветеност на интегритетот и правичното работење се зајакнати од EY Глобалниот кодекс на однесување и EY вредностите (види страна 21).

Покрај усвојувањето на регулативите на EYG, фирмите-членки влегуваат во неколку други договори коишто ги покриваат аспектите на нивното членство во организацијата на EY, како што се правото и обврската за користење на името на EY и споделувањето знаење помеѓу фирмите членки на EY.

Фирмите-членки на EY се предмет на проверка и оценка на нивното придржување кон условите на EYG и политиките како што се независноста, квалитетот на ревизија, управувањето со ризици, како и методологијата за контрола и човечки ресурси. Земјите што се членки на EY, коишто не можат да ги исполнат условите за квалитет, како и други услови за членство во EYG, подложни се на исклучување од EY организацијата.



## Создавање на долгорочна вредност за општеството

Соочени со итните и поврзани предизвици на климатските промени и социјалната нееднаквост, веруваме дека бизнисите мора да одат подалеку и побрзо за да изградат подобар работен свет – за да го забрзаат преминот кон нова економија – економија во која бизнисот, луѓето и планетата напредуваат. Оваа нова економија ќе биде социјално праведна, економски инклузивна и еколошки регенеративна по дизајн.

EY, како организација, предизвикува промени на голема скала преку градење сојузи, формирање соработка и мобилизирање на сите и секој дел од бизнисот да учествува. EY продолжува да се фокусира на создавање, заштита и мерење на долгорочната вредност за луѓето на EY, клиентите на EY и општеството. Токму интегрирањето на сите овие димензии го исполнува целиот EY за создавање подобар работен свет.

Од советување на владите за тоа како да изградат поодржливи и инклузивни економии, до охрабрување на компаниите да се фокусираат и да известуваат за создавањето на долгорочна вредност за сите заинтересирани страни, услугите на EY веќе играат витална улога во ова. Сепак, може и мора да се направи повеќе, бидејќи сите заинтересирани страни ги дефинираат своите улоги во ова патување.

Како горд учесник во Глобалниот пакт на Обединетите нации (UNGC) од 2009 година, EY е посветен на интегрирање на Десетте принципи на UNGC и Целите за одржлив развој на ОН (SDGs) во стратегијата, културата и операциите на EY. Како што се развива регулаторната структура за известување, EY се подготвува за барањата за известување за одржливост, како што се оние што ги бара Директивата на ЕУ за известување за корпоративна одржливост (CSRD) и стандардите на Меѓународниот одбор за стандарди за одржливост (ISSB).

Меѓу другото, оваа посветеност кон долгорочната вредност се одразува во:



## Глобално управување со корпоративна одговорност и одржливост

Советот за управување со корпоративна одговорност (CRGC) вклучува седум членови на ГИО и претставува пресек на високи лидери на EY од различни географии. CRGC ја координира

глобалната функција за корпоративна одговорност на EY, која ја оперативизира програмата EY Ripples (програма за корпоративна одговорност на EY, која е основана на долгогодишна цел за EY да позитивно влијае на 1 милијарда животи до 2030 година преку: поддршка на работната сила на следната генерација, работа со влијателни претприемачи, забрзување на еколошката одржливост), поттикнува поголема транспарентност преку координирање на нефинансиското известување и напредува во водењето практики кон другите програми за одржливост. Глобалната функција за корпоративна одговорност на EY ја води Лидерот за глобална корпоративна одговорност на EY, кој известува до член на GE и е дел од Глобалниот извршен одбор за одржливост на EY.

Глобалниот извршен одбор за одржливост на EY вклучува лидери од различни области на услуги на EY, сектори, индустрии и географии, кои се одговорни за поставување на стратегијата околу одржливите понуди на EY базирани на вредности, кои ги обезбедуваат фирмите членки на EY за клиентите на EY. Претседава со него Глобалниот потпретседател на EY за одржливост, со претставници од целата глобална организација на EY, вклучувајќи го Лидерот за глобални услуги за климатски промени и одржливост на EY.



Луѓето во EY и одржливоста

Преку обука, ангажман и инвестиции во технолошки алатки, EY интегрира одржливост во сите области на организацијата. Можностите за ангажирање, учење и развој се основни за понудата на таленти на EY и се витални за EY да еволуира и развива услуги за новите прашања во ESG. Целта на EY е да изгради експертиза и разбирање на одржливоста, додека ги ангажира луѓето на EY.

Во фискалната 2024 година, EY го забрза учењето за одржливост низ организацијата: над 3,477 значки за одржливост беа доделени на професионалци за уверување - што е еквивалентно на над 53,129 часови на учење - на бесплатните структурирани курсеви за учење за одржливост на EY, вклучувајќи учење за климатските промени, кружната економија и одржливото финансирање. Посветена серија за учење за одржливост и ESG, која беше насочена кон партнери, принципали и професионалци за уверување на ниво на директор во членките на EY, привлече над 7,217 учесници. Клучно за интегрирање на одржливоста во пошироката EY, над 21,855 професионалци за уверување на EY ја завршија програмата за писменост за одржливост на EY, вклучувајќи Sustainability Now, а 4,189 завршија курсеви за Sustainable Finance Now. Програмата за магистри по одржливост на EY е уникатна и бесплатна за луѓето на EY. Втората група од 8 професионалци за уверување на EY ја заврши магистерската програма во 2024 година.

Културата на EY вклучува можности за учење, предизвици и ангажирање низ целокупниот спектар на прашања. Sustainability @ EY - внатрешна акциона заедница има повеќе од 5,000 членови.

Нова внатрешна мрежа на Лидери за одржливост ангажира над 900 лидери на месечно и квартално ниво за да ги информира за клучните развојни настани за капацитетите на EY и во пошироката агенда за одржливост, овозможувајќи на EY да сподели регионални и локални перспективи за тоа како одржливоста влијае на агендите на клиентите и политиките. Заедницата предводена од вработените, составена од над 3,700 членови, ги претставува еко-инноваторите на организацијата EY, отворајќи нови патишта за предизвикување на EY и за луѓето на EY да учат и разменуваат искуства за влијанието на одржливоста врз луѓето и бизнисите на EY.



Амбицијата за социјално влијание на EY

Преку EY Ripples, луѓето на EY го посветуваат своето време на проекти фокусирани на Целите за одржлив развој (SDGs), обединувајќи ги комбинираните вештини, знаења и искуства на глобалната мрежа на EY во потрага по една заедничка визија: позитивно да влијаат на 1 милијарда животи до 2030 година. Во фискалната 2024 година, повеќе од 168,000 луѓе на EY го споделија своето време и вештини на проектите на EY Ripples, позитивно влијаејќи на 64 милиони животи. Откако EY Ripples беше лансиран во 2018 година, EY позитивно влијаеше на повеќе од 192 милиони животи. Досега во 2024 година, EY направи парични инвестиции во износ од 102 милиони американски долари во проекти посветени на зајакнување на заедниците, а луѓето на EY придонесоа со 934,000 часа на различни иницијативи и проекти на непрофитни организации и добротворни цели.

Преку EY Ripples, EY соработува со клиенти и организации со заедничка цел на иницијативи за социјално влијание на про-боно основа, за синергетски да поттикне акција кон Целите на ОН за одржлив развој.

TRANSFORM, една од водечките иницијативи на EY, го вклучува овој етиос. Под водство на Unilever, EY

и Министерството за надворешни работи, Комонвелт и развој (FCDO) на Велика Британија, TRANSFORM обединува корпорации, донатори, инвеститори и академици за да помогне во проширувањето на визионерските влијателни претпријатија низ Африка, Азија и пошироко. До денес, TRANSFORM финансираше околу 125 проекти во претпријатија, во 17 земји, а повеќе од 150 луѓе на EY волонтираа за поддршка на претпријатијата во мрежата на TRANSFORM.

Во 2024 година, EY формално вклучи Одговор на катастрофи во стратегиските приоритети на организацијата. Ова ја подобри методологијата на EY за оценување на влијанието на Одговорот на катастрофи за да ги опфати сите форми на помош, вклучувајќи волонтерски напори, донации и придонеси во непрофитни организации и добротворни цели.

Како дел од тековната алијанса за социјално влијание со Microsoft, EY продолжува да го спроведува Green Skills Passport за невработена младина, која не е во образование или обука. Пилот програмите покажуваат дека 61% од оние кои го завршиле курсот планираат да се пријават за зелени работни места, а 43% планираат да се запишат на универзитет со насока одржливост или да слушаат повеќе поврзани предмети. Зелениот пасош за вештини сега е достапен во десет земји, постигнувајќи над 41,000 завршени курсеви.

Влијателните претприемачи користат иновативни бизнис модели за да донесат иницијативи кои менуваат животи во локалните заедници, но често им е потребна поддршка за да ги реализираат своите програми во целост. Во фискалната 2024 година, EY организираше настани на глобалните форуми за да помогне во формирањето и зајакнувањето на партнерствата усогласени со SDG помеѓу големите компании, влијателните претприемачи и невладините организации (НВО). На ChangeNOW, EY организираше настан за вештачка интелигенција (AI) за социјална иновација, истражувајќи ја улогата на приватниот сектор во отклучувањето на AI за социјална иновација. EY исто така ја потпиша Обврската на Фондацијата Шваб за социјално претприемништво Rise Ahead, обврзувајќи се да ја зголеми инвестицијата на EY во социјалната иновација.

Праведната употреба на AI нуди огромен потенцијал за создавање позитивни социјални промени. EY е партнер за развој со data.org, работи со глобална заедница на практичари за напредување на употребата на податоци во заедницата за социјално влијание. EY е исто така активен член на заедницата Teach AI, приклучувајќи се на Консултативниот одбор на Microsoft и поддржувајќи клучни иницијативи. Со Teach For All, EY разви програма за градење капацитети за мрежа од 15,000 наставници, обезбедувајќи учење за генеративна вештачка интелигенција (GenAI). Како дел од алијансата Technovation AI Forward, тимовите на EY обезбедуваат менторство и обука за да овластат 25 милиони девојчиња и млади жени преку образование за AI, кодирање и претприемништво.



Амбицијата за декарбонизација на EY

EY останува на правиот пат да ги исполни постојните цели за декарбонизација, поставени во 2021 година. EY ќе ги намали апсолутните емисии за 40% во рамките на Опсег 1, 2 и 3 до 2025 година, во однос на основната линија од фискалната 2019 година, во согласност со целта на EY 1.5C заснована на науката. Планот од седум точки опишува како EY ќе се фокусира на акцијата со:

1. Намалување на емисиите од бизнис патувања, со цел да се постигне намалување од 35% до 2025 година во однос на основната линија од фискалната 2019 година.
2. Намалување на вкупната употреба на електрична енергија во канцелариите и набавка на 100% обновлива енергија за преостанатите потреби, стекнувајќи членство во RE100 до 2025 година.
3. Структурирање на Договори за купување на електрична енергија (PPAs) за да се воведе повеќе обновлива електрична енергија во националните мрежи отколку што EY консумира.
4. Користење на решенија базирани на природата и технологии за намалување на јаглеродот за отстранување од атмосферата или компензација на повеќе јаглерод отколку што се емитува, секоја година.
5. Обезбедување на проектните тимови за ангажман со алатки кои им овозможуваат да пресметаат, а потоа да работат на намалување на количината на јаглерод што се емитува при извршување на нивната работа за клиентот.
6. Барање од 75% од добавувачите на EY, според потрошувачката, да постават цели засновани на науката најдоцна до фискалната 2025 година.
7. Инвестирање во услуги и решенија на EY кои помагаат на клиентите да ја

декарбонизираат својата работа и да обезбедат решенија за други предизвици и можности за одржливост.

Освежената еколошка стратегија на EY ќе ги прошири постојните цели за декарбонизација и практиките позитивни за природата за да ги задоволи развивачките пазарни очекувања и стандардите засновани на науката. EY останува посветен на целта „нето нула“ и моментално работи на следната фаза од планот за декарбонизација на EY заснован на науката. Ве молиме погледнете го [Извештајот за животна средина на EY] за повеќе детали.



Работа со клиенти на темата одржливост

Веќе повеќе од 20 години, EY има докажано искуствоја на развивање на своите вештини, услуги и решенија за да ги задоволи потребите на клиентите и развивачкото разбирање на науката и нејзините импликации за општеството. Услугите за одржливост на EY се дизајнирани да ги предизвикаат и да ги поддржат клиентите на EY во увидот во поголемата слика: управување со ризикот, намалување на трошоците и комплексноста, поттикнување на иновации, градење доверба и постигнување мерливи резултати.

EY комбинира длабоко знаење за одржливост и сектор на глобално ниво, со регионални и географски релевантни тимови. Сè повеќе, услугите на EY ги испитуваат системските промени потребни за да им помогнат на клиентите на EY да создадат основни планови за краток и долг рок.

Тимовите на EY им служат на клиентите на многу начини:

- Услуги водени од специјалистички вештини за одржливост, вклучувајќи природа и биодиверзитет, данок на одржливост, финансирање и  надоместоци и климатски ризик.
- Регулаторни и известувачки услуги за поддршка на сложените и развивачките барања во повеќе јурисдикции.
- Стратегија и трансформација фокусирани на мултидисциплинарна и секторски специфична трансформација водена од одржливост, опфаќајќи стратегија, операции, ризик, технологија, податоци, талент и финансии.
- Услуги инфузирани со одржливост, каде што поширокото портфолио на EY може да одговори на иницијативите за одржливост и патеките за клиентите.
- Известувањето поврзано со климата, вклучувајќи развој на програми за поддршка на нефинансиското известување и откритија за нивното учество во согласност со регулаторните барања за известување (на пр., CSRD, Закон за одговорност за корпоративни податоци за климатските промени во Калифорнија (CCDAA)) и доброволни рамки за известување (на пр., TCFD, ISSB, CDP, GRI).

Помагањето на клиентите на EY да постават амбициозни цели и ригорозно да планираат, инвестираат и го следат нивното исполнување е онаму каде EY може да има најголемо влијание на трансформацијата потребна за одговор на климатските и природните кризи. Услугите за одржливост на EY се обезбедуваат на клиентите и преку посветени тимови за основните предизвици во ESG и одржливост, и преку целокупниот опсег на традиционалните услуги на EY.

Услугите на EY исто така вклучуваат информирање и поддршка на заинтересираните страни во развојот на стандарди, вклучувајќи поддршка на ISSB, Европската група за советување за финансиско известување (EFRAG), Работната група за финансиски откритија поврзани со природата (TNFD) и Работната група за финансиски откритија поврзани со климатата.



# Систем за управување со квалитет

# Систем за управување со квалитет

Во 2023 година, имплементацијата на Меѓународниот стандард за управување со квалитет 1 (ISQM 1) во EY беше завршена и по прв пат, членките на EY го оценуваа својот Систем за управување со квалитетот и заклучија за неговата ефективност. ISQM 1 овозможи имплементација на формализиран систем за управување со квалитетот од претходниот систем на контроли за квалитет.

Оваа година, беше назначен Глобален оперативен лидер за системот за управување со квалитетот и Глобален лидер за мониторинг и анализа на системот за управување со квалитетот, со цел да се искористи имплементацијата на ISQM 1 за помош на фирмите членки на EY да го подобрат квалитетот. Глобалниот оперативен лидер за системот за управување со квалитетот е фокусиран на понатамошно развивање на робустен и конзистентен систем за управување со квалитетот за сите фирми членки на EY, со можност за прилагодување на локалните услови. Глобалниот лидер за мониторинг и анализа на системот за управување со квалитетот е фокусиран на разбирање на темите и учењата од активностите за мониторинг за да им помогне на фирмите членки на EY проактивно да се справат со ризиците и континуирано да го подобруваат својот систем за управување со квалитетот и квалитетот на ревизијата.

Системот за управување со квалитетот презентиран тука исто така ги исполнува барањата на Меѓународните стандарди за контрола на квалитет (ISQC 1), издадени од Меѓународниот одбор за ревизија и стандарди за уверување (IAASB). Во контекст на ISQM 1 и годишната оценка на нашиот систем за управување со квалитетот, EY Северна Македонија се однесува на следните фирми членки на EY кои извршуваат ревизии или прегледи на финансиски извештаи, или други услуги за уверување или поврзани услуги:

- Ернст и Јанг Овластени Ревизори Доо Скопје

Дополнително, ја даваме нашата потврда за усогласеност која опфаќа:

- Ефективност на функционирањето на внатрешните системи за контрола на квалитетот. Како што е наведено во делот Заклучок од годишната оценка на системот за управување со квалитетот заклучно со 30 јуни 2024 година од овој извештај, EY Северна Македонија заклучи дека нашите внатрешни контролни системи се соодветно дизајнирани и функционираат ефективно. Ве молиме погледнете на страница 4, страница 18 и дополнителниот дел прилог 3 на страница 63.
- Практиките за независност на ревизорската фирма. Понатаму, потврдуваме дека е спроведена внатрешна ревизија на усогласеноста со независноста. Ве молиме погледнете на дополнителниот дел прилог 3 на страница 63.
- Политиката следена од ревизорската фирма во однос на континуираната едукација на законските ревизори. Ве молиме погледнете на дополнителниот дел прилог 3 на страница 63.



Нашата улога како ревизори

Заинтересираните страни имаат потреба од доверба во капиталните пазари за да донесат важни одлуки кои поттикнуваат економски раст. Ревизорите играат критична улога во градењето на оваа доверба преку својата способност да валидираат и интерпретираат податоци објективно и независно, обезбедувајќи соодветно ниво на предизвик. На овој начин, квалитетот на ревизијата игра клучна улога во создавањето долгорочна вредност за сите заинтересирани страни.

Обезбедувањето на високо квалитетни ревизии никогаш не било поважно отколку во денешното опкружување, поради зголемената глобална комплексност, карактеризирана со продолжена глобализација, брзо движење на капиталот и влијанието на технолошките промени. Репутацијата на EY Северна Македонија за обезбедување на високо квалитетни професионални ревизорски услуги независно и објективно е основна за нашиот успех како независни ревизори. Ние продолжуваме да инвестираме во нашиот Систем за управување со квалитетот и да промовираме подобрена објективност, независност и професионален скептицизам. Овие елементи се основни за извршувањето на високо квалитетни ревизии. Дизајнирањето, имплементирањето и функционирањето на ефективен Систем за управување со квалитетот е од суштинско значење за овие напори.

Во EY Северна Македонија, нашата улога како ревизори е да обезбедиме уверување за фер претставување на финансиските извештаи на компаниите што ги ревидираме. Собираме квалификувани тимови за да обезбедиме ревизорски услуги, потпирајќи се на нашето широко искуство во различни индустриски сектори и услуги. Континуирано се стремиме да ги подобриме процесите за квалитет и управување со

ризикот, така што квалитетот на нашата услуга да биде на постојано високо ниво.

Додека пазарот и заинтересираните страни продолжуваат да бараат високо квалитетни ревизии, тие исто така бараат сè поефективен и ефикасен начин за обезбедување на ревизорски услуги. EY продолжува да бара начини за подобрување на ефективноста и ефикасноста на својата ревизорска методологија и процеси, додека го подобрува квалитетот на ревизијата.

EY работи на разбирање на тоа каде квалитетот на ревизијата на фирите членки на EY можеби не е во согласност со нивните сопствени очекувања и очекувањата на заинтересираните страни, вклучувајќи ги независните регулатори за ревизија. Ова вклучува учење од надворешни инспекции, внатрешни инспекции и други активности за мониторинг, како и идентификување на основните причини за негативни настани поврзани со квалитетот за да се овозможи континуирано подобрување на квалитетот на ревизијата.



## Дизајнирање, спроведување и управување со систем за управување со квалитет

ISQM 1 бара проактивен и пристап базиран на ризик за управување со квалитетот на ниво на фирмата, барајќи од нив да дизајнираат, имплементираат и управуваат со Систем за управување со квалитет.

ISQM 1 вклучува опширни барања за управување, лидерство и култура на професионални сметководствени фирми и воведува процес на проценка на ризик за да се фокусира вниманието на намалување на ризиците кои можат да имаат влијание врз квалитетот на ангажманот. Исто така, потребно е поопширно следење на Системот за управување со квалитет за да се идентификуваат недостатоците кои бараат корективни активности и да се обезбеди основа за евалуација на севкупната ефективност на Системот за управување со квалитет.

ISQM 1 прикажува интегриран и повторлив пристап кон системот за управување со квалитет врз основа на природата и околностите на компанијата и ангажманите што ги извршува. Исто така, ги зема предвид практичните промени и различните модели на работење на компаниите (на пример, употреба на технологија, мрежа и мултидисциплинарни фирми).

Пристапот на EY е да се имплементира Систем за управување со квалитет кој постојано се применува низ целата мрежа на фирми-членки за да се промовира квалитетот на ангажманот и ефективноста на работењето. Ова е особено важно во глобалната економија каде што многу ревизии се транснационални и вклучуваат употреба на други фирми-членки на EY.

За да се постигне оваа цел, фирмите-членки на EYG имаат пристап до одредени политики, технологии, стратегии и програми кои ќе се користат при дизајнирање, имплементација и функционирање на Системот за управување со квалитет на фирмите-членки. Целта на овие ресурси е да се поддржат фирмите-членки и нивниот персонал.

На пример, EY има воспоставено пристап кон потребниот процес за проценка на ризикот кој вклучува информации и повратни информации од сите сервисни линии, функции и географски области на услуги на EY за да развие глобални минимум основи, вклучувајќи цели на квалитет (врз основа на барањата на ISQM 1), ризици за квалитет и одговори за ризик (вклучувајќи ги клучните контроли на системот за управување со квалитет) претпоставени за примена за фирмите-членки на EY. Дополнително, EY има развиено глобални алатки за да овозможи подршка на процесите на системот за управување со квалитет.

Фирмите-членки на EY, вклучително и оние во EY Северна Македонија, ја имаат крајната одговорност за дизајнот, имплементацијата и функционирањето на нивниот Систем за управување со квалитет и имаат одговорност да:

- Да ги оценат политиките, технологиите, стратегиите, програмите и основните линии, ризиците на квалитет и одговори што им се дадени, и
- Да утврдат дали треба да се дополнат од фирмата-членка за да бидат соодветни за употреба (на пр., дали политиката треба да се измени за да се усогласи со локалните закони и прописи или ако содржината во рамките на технологијата треба да се преведе на локален јазик).



## Улоги на системот за управување со квалитет

Со цел да се дизајнира, имплементира и финкционирањето на Системот за управување со квалитет на Северна Македонија на поединци им се доделени улоги во Системот за управување со квалитет. Овие поединци со тие улоги имаат соодветно искуство, знаење, влијание и позиција, и доволно време да ги извршат своите улоги во системот за управување со квалитет и се одговорни за исполнувањето на своите одговорности.

Улогите и одговорностите во Системот за управување со квалитет се дефинирани во

Глобалната политика за системот за управување со квалитет со цел обезбедување на конзистентност во функционирањето на системот за управување на квалитет на EY Северна Македонија. За оние индивидуи во фирмите членки на EY или регионалните лидерски улоги, постојат рамки за одговорност кои ги опишуваат како ќе бидат одговорни за своите одговорности поврзани со Системот за Управување со Квалитет, како и за другите активности фокусирани на квалитетот и како одговорностите се поврзуваат со нивните оценки за перформанси.

Главните улоги во системот за управување со квалитет ги вклучуваат:

**Крајната одговорност и отчетност:** Раководниот партнер на земјата е поединецот кому е доделена крајна одговорност и отчетност за Системот за управување со квалитет, вклучително и оценката за неговата ефикасност.

**Оперативна одговорност за системот за управување со квалитет:** Одговорниот партнер (лидер) на земјата за ревизија има оперативна одговорност за системот за управување со квалитетот. Ова вклучува и давање препорака за годината и оценка на системот за управување со квалитетот до Раководниот парнер на земјата.

**Оперативна одговорност за исполнување на барањата за независност:** Лидерот на независноста во земјата е одговорно лице чија оперативна одговорност е исполнување на барањата за независност.

**Оперативна одговорност за следење на Системот за управување со квалитетот:** Директорот за професионална практика на земјата е одговорно лице чија оперативна одговорност е следење на Системот за управување со квалитетот. Ова вклучува согласување или предлагање на промени на годишно ниво за евалуација за препорачаниот Систем за управување со квалитетот.



Ефективност: заклучок за годишната проценка од 30 јуни 2024 година

Раководниот партнер за земјата, во име на EY Северна Македонија, треба да го процени Системот за управување со квалитетот (SQM) на годишна основа, до 30-ти јуни, и да заклучи за неговата ефикасност. Процесот на евалуација се извршува секоја година врз основа на глобалната политика за годишна евалуација на SQM, која е пример за глобален интелектуален ресурс обезбеден за да се поттикне конзистентност во извршувањето на Системот за управување со квалитетот на EY Северна Македонија.

Оваа проценка се заснова на тоа дали Системот за управување со квалитетот на EY Северна Македонија обезбедува разумно уверување дека:

- EY Северна Македонија и нејзиниот персонал ги исполнуваат своите одговорности во согласност со професионалните стандарди и применливите законски и регулаторни барања, и ангажманите се спроведуваат во согласност со таквите стандарди и барања;
- Извештаите кои се издаваат од страна на членовите на фирмата и одговорните Партнери (PICs) се соодветни во околностите.

Проценката на ефикасноста на Системот за управување со квалитет ги користи информациите собрани од мониторинг активности извршени во текот на еден период. Проценката ги разгледува резултатите од следново:

- Тестови на клучни контроли на системот за управување со квалитетот
- Внатрешни и надворешни контроли на ангажманите.
- Други мониторинг активности (на пример, тестови на EY Северна Македонија и индивидуалните исполнувања на етичките барања поврзани со независноста, квалитетни критики направени од страна на надворешните регулатори релевантни за Системот за управување со квалитетот, прашања пријавени преку етичката линија).

Професионалната проценка се користи во оценување на резултатите од мониторинг активностите, вклучувајќи го и утврдувањето дали наодите, поединечно или во комбинација со други наоди, се зголемуваат до ниво на недостаток. Сите идентификувани недостатоци бараат да се изврши анализа на причината, план за подобрување на квалитетот и се оценуваат за да се утврди сериозноста и сеприсутноста на дефицитот. Кога ќе се утврди сериозен недостаток, фирмата-членка треба да процени дали ефектот на недостаток е корегиран, а дали преземените мерки до 30-ти јуни 2024 биле ефективни, при утврдувањето на годишната оценка на нејзиниот Систем за управување со Квалитет.



Заклучок за годишната евалуација на системот за управување со квалитетот од 30 јуни 2024 година

1. Годишниот заклучок за оценка за EY Северна Македонија од 30 јуни 2024 година е дека Системот за управување со квалитетот обезбедува разумно уверување дека целите на системот на управување со квалитетот се постигнати.



# Компоненти на нашиот систем за управување со квалитет

# Компоненти на нашиот систем за управување со квалитет

Во следните делови, ги опишуваме основните компоненти на Системот за управување со квалитет, кои EY Северна Македонија ги следи:

- Систем за управување со квалитет на процесот на проценка на ризик
- Управување и лидерство
- Релевантни етички и законски барања
- Прифаќање и продолжување на клиентот и ангажманот
- Извршување на ангажманот
- Ресурси
- Информации и комуникација
- Систем за управување со квалитет на процесот за следење и корекција



## Процес на проценка на ризикот во систем за управување со квалитет

EY Северна Македонија има дизајнирано и имплементирано процес на проценка на ризик за да се утврдат целите на квалитет, да се идентификуваат и да се проценат ризиците за квалитет и да се дизајнираат и имплементираат одговори за справување со ризиците за квалитет како што се бара од ISQM 1. Процесот на проценка на ризикот се спроведува годишно врз основа на Глобалните SQM политики за поттикнување конзистентност во спроведувањето на системот за управување со квалитет на EY Северна Македонија.

Со цел да се поттикне конзистентноста додека на фирмите-членки на EY им се обезбедува пристап кој е променлив и приспособлив врз основа на фактите и околностите на фирмата-членка, во глобалниот систем за управување со квалитет се развиени основни цели за квалитет, ризици за квалитет и одговори од претставници на глобалното раководството за ревизија врз основа на придонес од функционални и услужни групи на глобално ниво, ниво на област и на регионално ниво. Глобалните основни линии на SQM вклучуваат:

- Систем за управување со квалитет основна линија Цели за квалитет
- Систем за управување со квалитет основна линија Ризици за квалитет
- Систем за управување со квалитет основна линија Одговори
  - Систем за управување со квалитет основна линија Ресурси (на пр., глобални политики или технологии кои ја ублажуваат основната линија Ризици за квалитет на EY SQM)
  - Систем за управување со квалитет основната линија Клучни контроли кои ќе бидат дизајнирани и имплементирани за да се ублажи основната линија Ризици за квалитет на Системот за управување со квалитет на EY

Основните линии на Глобалниот систем за управување со квалитет се претпоставува дека се применливи за секоја фирма-членка која извршува ангажмани на ISQM 1. Фирмите-членки на EYG имаат одговорност да ги оценат основните линии на Глобалниот систем за управување со квалитет и да утврдат дали треба да се дополнат или приспособат основните линии на Глобалниот систем за управување со квалитет од фирмата-членка за да бидат соодветни за употреба (на пр., дополнителни ризици за квалитетот, прилагодување на одговорите итн.).

EY Северна Македонија ги разгледа основните линии на Глобалниот систем за управување со квалитет и го изврши следново:

- Ги прифати или отфрли Глобалните основните линии на ресурси и клучните контроли по соодветна анализа на нашите факти и околности. Во случај на отфрлање на Глобалните основни ресурси и клучните контроли, ова прелиминарно се дискутира со регионот.
- Заедно со регионот, го идентификува нивото на извршување на глобалните основни клучни контроли.
- Ги приспособи прифатените основни клучни контроли глобални, од областа и од регионот.

Прегледот на основните линии на Глобалниот систем за управување со квалитетот ги разгледа фактите и околностите на EY Северна Македонија, вклучувајќи ја природата и оперативните карактеристики на EY Северна Македонија, видовите на извршени ангажмани и системските трендови од активностите за следење во рамките на систем за управување со квалитет .

Покрај прегледот на основните линии на Глобалниот систем за управување со квалитет, EY Северна Македонија утврди дали се неопходни дополнителни цели за квалитет, ризици за квалитет или одговори. Врз основа на прегледот на овие основни линии EY Северна Македонија додаде локални одговори на квалитетот на ризик во областите лиценцирање и регистрација.



## Управување и лидерство



### Тонот на врвот

Раководството на EY Северна Македонија е одговорно да го постави вистинскиот тон на врвот и да ја покаже посветеноста на EY за градење подобар деловен свет преку своето однесување и постапки. Иако тонот на врвот е од витално значење, луѓето од EY исто така разбираат дека квалитетот и професионалната одговорност започнуваат од нив и дека во рамките на нивните тимови и заедници, тие се и лидери. Заедничките вредности на EY, кои ги инспирираат луѓето на EY и ги водат да ја направат вистинската работа, и посветеноста на EY за квалитет се вградени во тоа кои сме и во сè што правиме.

Културата на EY силно ја поддржува соработката и става посебен акцент на важноста на консултациите во справувањето со сложени или субјективни прашања за сметководство, ревизија, известување, регулатори и независност. Сметаме дека е важно да се утврди дека тимовите за ангажман и субјектите што ги ревидираат ги следат советите за консултации и ние го нагласуваме тоа кога е потребно.

Постојан став на EY Северна Македонија е дека ниту еден клиент не е поважен од нашата професионална репутација - угледот на EY Северна Македонија и угледот на секој од нашите професионалци.

Пристапот на EY кон деловната етика и интегритет е содржан во Глобалниот кодекс на однесување и другите политики на EY и е вграден во културата на EY на консултации, програми за обука и интерни комуникации. Високото раководство постојано ја зајакнува важноста за квалитетно извршување на работата, усогласеност со професионалните стандарди, придржување кон политиките на EY и водење со пример. Дополнително, фирмите-членки на EY го оценуваат квалитетот на професионалните услуги што се обезбедуваат како клучна мерка за оценување и наградување на професионалците на EY.

Со цел да се измери културата на квалитет кај фирмите членки на EY и да се обезбедат на EY Северна Македонија вредни сознанија за перцепциите на културата на квалитет, вклучувајќи го и тонот на врвот, соработката и управувањето со обемот на работа и етичкото однесување, беше првично лансирана Глобална анкета за квалитет во април 2023 година. Резултатите од Глобалното истражување за квалитет за 2024 година беа искористени за да се идентификуваат областите каде што EY Северна Македонија се снаоѓа добро и каде може да бидат потребни повеќе активности. Резултатите од Глобалното истражување за квалитет за 2024 година покажуваат дека нашите луѓе препознаваат дека тонот на врвот поставен од раководството покажува посветеност на квалитетот и дека EY го препознава и го цени придонесот за квалитетот. Препознавањето на нашата силна култура на консултации, подучување и насмерување и континуирано подобрување на квалитетот се рефлектира и во резултатите од Глобалното истражување за квалитет. Сепак, резултатите исто така укажуваат дека треба да се направи уште повеќе за да се подобри нашата култура околу снабдувањето со ресурси.



### Глобален кодекс на однесување

Ние промовираме култура на интегритет меѓу професионалците на EY, како и оние кои работат со EY. Глобалниот кодекс на однесување на EY обезбедува јасен сет на принципи кои ги водат нашите акции и нашето деловно однесување и кои треба да ги следат сите луѓе од EY. Глобалниот кодекс на однесување на EY е поделен во пет категории:

1. Работење со едни со други
2. Работење со клиенти и други
3. Дејствување со професионален интегритет
4. Одржување на нашата објективност и независност
5. Заштита на податоци, информации и интелектуален капитал

Преку нашите процедури за поддршка на усогласеноста со Глобалниот кодекс на однесување на EY и преку чести комуникации, се стремиме да создадеме средина која ги охрабрува сите луѓе од EY да дејствуваат одговорно, вклучувајќи го и пријавувањето на неправилности без страв од одмазда. Општо, резултатите од анкетата за слушање на вработените во март 2024 година [People Pulse Survey] покажаа дека учесниците сметаат дека можат да ги исполнат очекувањата, додека ја одржуваат етиката и интегритетот и веруваат дека одлуките донесени од лидерите се во согласност со вредностите и кодексот на однесување на EY.



### Рамки на одговорност

Рамките на одговорност на EY се сет на политики и рамки кои го ставаат квалитетот во акција и опишуваат како партнерите на EY, извршните директори, управителите и лидерите ќе бидат одговорни за своите одговорности поврзани со Системот за управување со квалитет, како и за другите активности фокусирани на квалитетот и како одговорностите се поврзани со нивните оценки за перформанси.

Глобалната рамка на одговорност важи за сите партнери на EY, извршни директори, управители и лидери без оглед на нивната улога, сервисна линија на услуги или локација. Постојат специфични рамки за уверување кои ја дополнуваат глобалната рамка на одговорност, спомната погоре. Покрај тоа, две инкрементални рамки на одговорност ги покриваат индивидуите во лидерски улоги на ниво на членка и регион, кои важат за сите сервисни линии на услуги и функционални лидерски улоги.

Сите рамки на одговорност поставуваат јасни очекувања за квалитет за одржување на довербата што надворешните заинтересирани страни ја имаат во EY. Рамките опишуваат критериуми за уверување дека квалитетната оценка на поединецот е соодветно разгледана во нивната оценка за перформанси.



## Релевантни етички и законски барања



### Усогласеност со глобалниот кодекс на однесување

Глобалниот кодекс на однесување на EY обезбедува насоки за активностите и деловното однесување на EY. EY Северна Македонија е усогласена со важечките закони и регулативи, а вредностите на EY ја поткрепуваат нашата посветеност да ја правиме вистинската работа. Оваа важна заложба е поддржана од неколку политики и процедури, објаснети во параграфите подолу.



### Независност

Усогласеноста со релевантните етички барања, вклучувајќи ја и независноста, е клучен елемент на Системот за управување со квалитет. Вклучува утврдување дека всушност ние сме независни.

Етички барања релевантни за нашите ревизии и професионални услуги се вклучени во Меѓународни етички стандарди за сметководители за професионални сметководители (вклучувајќи ги и Меѓународните стандарди за независност) (Кодексот на IESBA). Ние, исто така, ги исполнуваме локалните етички барања или кодекси во надлежност на нашите ревизии и професионални услуги. Погледнете го делот за Практики за независност на информации за политиките, алатките и процесот кој се однесува на одржувањето на независноста.



### Неусогласеност со законите и прописите

Во согласност со Етичкиот кодекс на IESBA, EY усвои политика дизајнирана да ги исполни своите обврски за известување за неусогласеност со законите и регулативите – NOCLAR. Политиката ги опфаќа обврските за известување во однос на несоодветната активност од страна на клиентите или персоналот на EY, како релевантни за нивните соодветни деловни активности.

Покрај обврските за известување на NOCLAR, EY може да биде должен да даде одредени извештаи до релевантните регулаторни органи во врска со евентуалното прекршување од страна на клиентите - вистински или осомничени. Каде што постојат такви обврски, извештаите се прават во согласност со локалните закони.



### Пријавување на неправилности

EY Етичката телефонска линија им овозможува на луѓето од EY, клиентите и другите надвор од организацијата да пријават доверливо активности кои можат да вклучуваат неетичко или неправилно однесување, и кои можат да бидат во спротивност со професионалните стандарди или на друг начин не се во согласност со заедничките вредности на EY или Глобалниот кодекс на однесување. На глобално ниво, телефонската линија ја управува надворешна организација која обезбедува доверливо и, ако се посакува, анонимно пријавување.

Кога извештајот пристигнува на EY Етичката телефонска линија, било по телефон или интернет, тој добива итно внимание од етичкиот тим на членката. Во зависност од содржината на извештајот, соодветни индивидуи од Управувањето со ризици, Човечки ресурси или други функции исто така се вклучени во решавањето на извештајот.



### Академски интегритет

EY им обезбедува на луѓето од EY сеопфатна програма за учење за поддршка на квалитетот и професионалниот развој. Академскиот интегритет е основа на таа програма. EY Северна Македонија ги поддржува нашите луѓе да се вклучат значајно во програмата за учење и јасно укажува дека ќе има последици за секое прекршување на академскиот интегритет.



### Анти-корупциска политика

Глобалната политика за борба против корупција на EY им дава насоки на вработените на EY за одредени неетички и незаконски активности. Ја нагласува обврската за почитување на законите против корупција и дава дефиниција за тоа што претставува истото. Исто така, ги идентификува одговорностите за пријавување кога ќе се открие корупција. Во согласност со растечкото глобално влијание на митото и корупцијата, се одржуваат напорите да се продолжи со вградување мерки против поткупување низ EY.



### Тргување со повластени информации

Тргувањето со хартии од вредност е регулирано со многу закони и регулативи, а персоналот на EY е обврзан да се придржува кон важечките закони и прописи во врска со тргувањето со повластени информации. Ова значи дека на персоналот на EY му е забрането да тргува со хартии од вредност, додека поседува материјални информации кои не се од јавен карактер.

EY глобалната политика за тргување со повластени информации ја потврдува обврската на нашите луѓе да не тргуваат со хартии од вредност кога имаат пристап до повластени информации, и дава детали за тоа што претставува повластена (инсајдерска) информација и идентификува со кого нашите луѓе треба да се консултираат ако имаат прашања во врска со нивните одговорности.



### Економски и трговски санкции

Важно е EY луѓето да ја почитуваат секогаш менувачката ситуација во однос на меѓународните економски и трговски санкции. EY ги набљудува санкциите издадени во повеќе региони пред прифаќањето на деловните односи и после прифаќањето. На луѓето од EY им се даваат насоки за влијанието на односите и активностите.



### Спречување на перење пари (СПП-AML)

EY Северна Македонија е класифицирана како ентитет должен да ги следи важечките прописи за Спречување на перење пари (AML). Во согласност со EY Глобалното упатство за AML, Северна Македонија  има имплементирано политики и процедури дизајнирани да ги исполни овие обврски, вклучително и процедури за „Запознај го твојот клиент“ (KYC), проценки на ризик и известување за сомнителни активности. Луѓето од EY се обучени за нивните одговорности според регулативите и имаат насоки со кого да се консултираат кога имаат прашања.



### Заштита на податоците и доверливост

Програмата за обврзувачки корпоративни правила на EY и поврзаните политики на EY утврдуваат принципи и минимални стандарди кои треба да се применуваат за собирање, користење и заштита на сите информации за кои EY има одговорност, вклучувајќи ги личните податоци кои се однесуваат на сегашни, поранешни и потенцијални професионалци на EY, клиенти, добавувачи и деловни соработници, како и друга информација која се смета за доверлива за клиентите, трети лица или организацијата EY. Оваа политика е во согласност со барањата на Општата регулатива за заштита на податоците на Европската унија (GDPR) и со другите применливи закони и регулативи во врска со заштитата на податоците и приватноста, покрај релевантните професионални стандарди кои обезбедуваат рамка за доверливост. Членките на EY, преку локалната политика, можат дополнително да ги зајакнат применливите заштити согласно локалниот закон. Обврзувачките корпоративни правила на EY се одобрени од регулаторите во Велика Британија и ЕУ и дополнително обезбедуваат правен механизам кој го олеснува преносот на лични податоци во рамките на мрежата на EY.



### Ротација и долгорочна Соработка

EY Северна Македонија ги почитува барањата за ротација на ревизорските партнери според Кодексот на IESBA и Законот за ревизија на Македонија, како и барањата на Комисијата за хартии од вредност на САД (SEC), каде што е потребно. EY Северна Македонија ја поддржува ротацијата на ревизорските партнери бидејќи таа обезбедува нова перспектива и промовира независност од раководството на друштвото,

додека се задржува искуството и знаењето за бизнисот. Ротацијата на ревизорските партнери, во комбинација со барањата за независност и независен надзор на ревизијата, помага да се зајакне независноста и објективноста и е важна заштита на квалитетот на ревизијата.

За ентитети од јавен интерес (PIE), Глобалната политика за независност на EY бара главниот партнер за ангажман, проверувачот на квалитетот на ангажманот и другите ревизорски партнери кои донесуваат клучни одлуки или проценки за прашања значајни за ревизијата (заедно, клучните ревизорски партнери) да се ротираат по седум години. За нова PIE (вклучувајќи ново котирана компанија), клучните ревизорски партнери можат да останат на позицијата дополнителни две години пред да се ротираат од тимот ако служеле во компанијата шест или повеќе години пред котирањето.

По завршувањето на максималниот период на служба за ротација, клучниот ревизорски партнер не може да води или координира професионални услуги за компанијата PIE која ја ревидираме до по завршувањето на периодот на ротација. Овој период е пет години за главниот партнер за ревизија, три години за проверувачот на квалитетот на ангажманот и две години за другите партнери подложни на ротација.

Кога бараниот период на ротација за главниот партнер за ревизија утврден од локалниот законодавен орган или регулатор е помал од пет години, повисокиот од тој период на одмор или три години може да се замени за инаку бараниот период на ротација од пет години. Овој исклучок за надлежноста за главниот партнер за ревизија може да се применува само за ревизорските периоди кои започнуваат пред 15 декември 2023 година.

Покрај барањата за ротација на клучните ревизорски партнери применливи на компаниите PIE кои ги ревидираме, EY воспостави рамка за заштита од долгорочна соработка Ова е во согласност со барањата на Кодексот на IESBA и вклучува разгледување на заканите за независност создадени од вклученоста на професионалците на EY во долг период на време и рамка за заштита за адресирање на таквите закани.

Ние применуваме процеси за ефективно следење на усогласеноста со внатрешната ротација и барањата за ревизорски партнери и други професионалци на EY кои имале долга асоцијација со ревидираниот ентитет. Има и процес за планирање на ротација и донесување одлуки кој вклучува консултации и одобрувања од нашите професионални практики и независни професионалци, како и од нашиот ППД за земјата.



### Надворешна ротација

За ентитети од јавен интерес, ние ги почитуваме барањата за ротација на надворешните ревизорски фирми согласно Член 17 (1) од Регулацијата на ЕУ за ревизија и локалната регулатива.



## Прифаќање и продолжување на клиентите и ангажманите



### Глобална политика за прифаќање и продолжување на клиентите и ангажманите

Глобалната политика на EY за прифаќање и продолжување на клиенти и ангажмани утврдува принципи за фирмите членки на EY да одредат дали да прифатат нов клиент, нов ангажман со постоечки клиент или да продолжат со постоечки клиент или ангажман. Овие принципи се основни за одржување на квалитетот, управување со ризикот, заштита на луѓето од EY и исполнување на регулаторните барања. Глобалната политика на EY за прифаќање и продолжување на клиенти и ангажмани е пример за политика издадена од EYG за да се обезбеди придржување кон вредностите на EY и да се поттикне конзистентност во Системот за управување со квалитет.

Целите на политиката се:

- Да се воспостави строг процес за оценување на ризикот и донесување одлуки за тоа дали да се прифатат или продолжат клиенти или ангажмани
- Да се исполнат применливите барања за независност
- Да се идентификуваат и соодветно да се решаваат сите конфликти на интерес
- Да се идентификуваат клиенти или ангажмани кои претставуваат зголемен ризик
- Да се истакнат клиенти или ангажмани кои не се во согласност со вредностите на EY
- Да се бара консултација со назначени професионалци на EY за идентификување на дополнителни процедури за управување со ризик за специфични високо ризични фактори
- Да се усогласат со правните, регулаторните и професионалните барања
- Да се утврди дека планираниот ангажман е во рамките на EY Сервисната рамка и не вклучува забранета услуга.

Покрај тоа, глобалната политика на EY за конфликти на интерес дефинира глобални стандарди за адресирање на категориите на потенцијални конфликти на интерес и процес за нивно идентификување. Таа вклучува и одредби насочени кон ублажување на потенцијалните конфликти на интерес што е можно побрзо и поефикасно, користејќи соодветни заштити. Таквите заштити можат да вклучуваат добивање согласност од клиентот за дејствување за друга страна каде што може да постои конфликт на интерес, воспоставување одделни ангажмански тимови за дејствување за две или повеќе страни, имплементирање на соодветни одвојувања помеѓу ангажманските тимови или одбивање ангажман за да се избегне идентификуван конфликт.

Глобалната политика на EY за конфликти на интерес и поврзаните упатства ги разгледуваат зголемената комплексност на ангажманите и клиентските односи, како и потребата за брзина и точност во одговорот на клиентите. Тие исто така се усогласуваат со најновиот Кодекс на IESBA.



### Примена на политиката во пракса

Ние го користиме EY процесот за прифаќање на клиенти и ангажмани (PACE), систем базиран на интранет, за координирање на активностите за прифаќање и продолжување на клиенти и ангажмани во согласност со глобалните политики, политиките на сервисната линија на услуги и политиките на членките на EY. PACE ги води корисниците низ барањата за прифаќање и продолжување и идентификува политиките и референците на професионалните стандарди потребни за оценка на бизнис можностите и поврзаните ризици. PACE е пример за технолошки ресурси достапни за членките на EY низ целиот свет, со цел да се поттикне конзистентност.

Процесот за прифаќање или продолжување на клиенти и ангажмани вклучува разгледување на оценката на ризичните фактори од страна на тимот на ангажманот во широк спектар на категории, како што се индустријата, ставот на управата, внатрешните контроли, комплексноста на ревизијата и поврзаните страни.

Како дел од овој процес, ги разгледуваме ризичните карактеристики на потенцијалниот клиент или ангажман и резултатите од процедурите за длабинска анализа. Пред да прифатиме нов клиент или ангажман, исто така утврдуваме дали можеме да ангажираме доволно и соодветни ресурси за да обезбедиме квалитетни услуги, особено во високо технички области, и дали услугите што клиентот ги бара се соодветни за нас да ги обезбедиме. Процесот на одобрување предвидува дека новите ревизорски ангажмани не можат да бидат прифатени без одобрување од претставници на тимовите на Директорот за професионална пракса (PPD) и Управниот партнер за увеурување (AMP) на ниво на земја, регион и област, како што е применливо.

Во годишниот процес на EY за продолжување на клиенти и ангажмани, ја оценуваме нашата услуга и способноста да продолжиме да обезбедуваме квалитетна услуга. Ангажманскиот партнер, заедно со нашето лидерство на услугите за уверување, годишно ја оценува врската со ентитетите на кои им обезбедуваме ревизорски или услуги за уверување за да утврди дали продолжувањето е соодветно.

Како резултат на оваа оценка, одредени ревизорски ангажмани се идентификувани како барање за дополнителни процедури за надзор за време на ревизијата (блиско следење), а некои ревизорски односи се прекинати. Како и во процесот на прифаќање на клиенти и ангажмани, нашите локални PPD и AMP се вклучени во процесот на продолжување и треба да се согласат за продолжувањето да се случи.



## Вршење на ревизии

EY инвестира повеќе од 1 милијарда американски долари во следна генерација технологија за ревизија како дел од продолжената посветеност на EY кон членките на EY за обезбедување на висококвалитетни ревизии. Оваа инвестиција ја одразува посветеноста на EY за изградба на доверба и уверување во капиталните пазари и во економиите ширум светот.



### Улогата на технологијата

Инвестицијата на EY во технологија се базира на силата на постојниот напреден сет на ревизорска технологија – интегрирајќи напредни технологии под една беспрекорна платформа, додека се поттикнува трансформација преку искористување на:

- Следна генерација на можности за пристап до податоци и напредна анализа
- Користење на вештачка интелигенција
- Подобрено корисничко искуство

Во 2024 година, глобалната организација на EY објави дополнителни 25 нови капацитети за технологија за ревизија, поддржани од проширена

соработка со Microsoft, што го донесе вкупниот број на 45 објави во првата половина од овој четиригодишен програм. Овие објави се применуваат низ EY и вклучуваат глобално скалирана вештачка интелигенција (AI). Овие капацитети овозможени со AI – кои ги користат јавно достапните и EY-генерираните податоци – се директно, беспрекорно интегрирани со EY Canvas за да ги поддржат професионалците за ревизија на EY во оценувањето на ризикот. EY исто така воведува нови капацитети овозможени со AI во предиктивната анализа; пребарување и сумирање на содржини; и интелигенција на документи, вклучувајќи процедури за усогласување на финансиските извештаи.

## Фокус на поттикнување квалитет преку технологија

*Следна генерација на можности за пристап до податоци и напредна анализа*

Напредните податочни капацитети помагаат да се поттикне квалитетот преку поддршка на анализата на целосни популации на податоци – поддржувајќи ревизија базирана на податоци која е вградена во методологијата. Глобалниот аналитички сет на EY Helix (EY Helix) веќе ја поддржува употребата на зајакната анализа низ целата ревизија – овозможувајќи на тимовите на EY да се фокусираат на вистинските податоци во вистинското време и подобро да ја разберат ревидираната компанија и нејзиниот ризичен пејзаж. Со понатамошна интеграција на напредната анализа директно во работниот тек на EY Canvas, EY поставува силна основа за проширување на употребата на AI во големи размери и значително го подобрува корисничкото искуство. Унапредувањето на капацитетите за собирање и анализа на податоци помага да се обезбеди дополнителна доверба во високо квалитетна ревизија преку ширење на опсегот на податоци што се користат за добивање докази за ревизија, вклучувајќи и дезагрегирани и недоволни податоци.

*Користење на вештачка интелигенција*

Вештачката интелигенција во големи размери и другите интелигентни капацитети помагаат да се поттикне квалитетот преку стандардизирање на процесите и искористување на податоците за обезбедување на насоки за ризик и релевантни препораки за тимовите на EY. Постоечките паметни автоматизациски капацитети, како што се EY Интелигентни листи за проверка и EY Процедури за усогласување на финансиските извештаи, автоматизираат и подобруваат рутински ревизорски активности, што помага напорите да се пренасочат на области со повисок ризик. Гледајќи напред, водениот работен тек и другите подобрувања ќе го подигнат ова на следното ниво, користејќи го знаењето и искуствата на другите тимови на EY за поддршка на подлабок фокус на ризикот и продолжена доверба во висококвалитетна ревизија.

*Подобрено корисничко искуство*

Водечкото искуство помага да се поттикне квалитетот преку олеснување на високо интегрирани и конзистентно извршени ревизии ширум светот. EY Canvas е во центарот на ревизорското искуство денес, поддржувајќи ефективна координација, конзистентна документација и полесна соработка помеѓу тимовите на EY и компаниите низ целиот свет. Интегрирањето на воден работен тек, податоци и знаење под една платформа им овозможува на тимовите на EY да имаат пристап до сите капацитети вклучени во обезбедувањето на висококвалитетни ревизии, додека истовремено им овозможува на корисниците на компанијата нови функции за подобро разбирање на статусот на ревизијата.

## Квалитетот во центарот на развој на технологијата

Напорите на EY за обезбедување на оваа платформа за технологија за ревизија од следната генерација се консолидирани под глобален трансформациски програм. Овој програм вклучува стандардизирани протоколи на кои се придржува во однос на создавање, развој и имплементација на технолошки концепти. Во овој напор се вклучени повеќе заинтересирани страни, вклучувајќи глобални и регионални претставници од Професионалната пракса, Глобалната мрежа за квалитет на ревизија и EY Технологија.

Новите концепти за технологија за осигурување се презентираат пред глобален комитет на овие заинтересирани страни за оценка врз основа на неколку критериуми за корист, вклучувајќи квалитет, вредност за професионалците на EY и вредност за клиентите на EY. Ако комитетот смета дека концептот нема доволно атрибути според овие и други критериуми, концептот се отфрла или се прават прилагодувања, а концептот повторно се презентира пред комитетот.

Робустно тестирање низ целиот развоен циклус, вклучувајќи и со крајните корисници, е предуслов за објавување на која било ревизорска технологија. Технологијата за уверување потоа се презентира за објавување пред глобалното лидерство на линијата на услуги за ревизија, откако ќе заврши ова опсежно тестирање,

вклучувајќи пилотирање, повратните информации се оценуваат и вклучуваат, и потребната сертификација е завршена.

### Методологија овозможена од технологија

Компаниите ги користат технологиите за развој на нови системи и процеси за управување со бизнисот, како и за анализа на повеќе податоци за информирање на бизнис одлуките. Оваа тенденција овозможува побазирана анализа на податоци и пристап заснован на ризик кон ревизијата, што значи дека целосните популации на податоци можат да се анализираат и го фокусира вниманието на ревизорот на целокупниот тек на трансакции и процеси.

Вградениот пристап базиран на податоци во Глобалната ревизорска методологија на EY ја подобрува прелиминарната оценка на ризикот од страна на ревизорот и помага да се овозможи ревизорот да ги предизвика тие заклучоци низ различните фази на ревизијата. Ревизорот може повторно да го оцени ризикот врз основа на она што е идентификувано во податоците, што создава тек на ревизија кој е итеративен по природа.

### Справување со ризикот од прекумерна наклонетост кон технологијата

EY има процедури, политики и механизми за поддршка за да го охрабри одговорното користење на ревизорските алатки и технологија, вклучувајќи технологии овозможени со вештачка интелигенција, и да го ублажи ризикот од прекумерна зависност од страна на ревизорските професионалци. Покрај тоа, Глобалната ревизорска методологија на EY нагласува примена на соодветен професионален скептицизам при извршувањето на ревизорските процедури. Дизајнот на ревизорските алатки и технологија на EY, вклучувајќи технологии овозможени со вештачка интелигенција, е наменет да обезбеди поддршка за процедурите на ревизорскиот тим за справување со ризиците од материјално погрешно пријавување, но не и да ја замени важната улога на професионалецот во примената на нивното искуство и проценка за донесување заклучок.



### Нови ризици

И традиционалните и новите ризици можат да имаат влијание на финансиските извештаи, а пристапот на ревизорот треба постојано да се развива за да се справи со двата типа ризици. Новите ризици вклучуваат променливи макроекономски и геополитички услови, развој на клиентите во користењето технологија (како што е вештачката интелигенција), ризици од сајбер безбедност, климатски ризици и специфични развојни настани на клиентите. Центарот за извонредност во управувањето со ризици продолжува да развива алатки за подобрување на способноста за следење и справување со новите ризици во ревизорското портфолио. Ревизорските тимови исто така можат да вклучат специјалисти за справување со области на нови ризици, вклучувајќи специјалисти за ESG, сајбер безбедност или вештачка интелигенција.



### Измама

Како што организациите стануваат се по-комплексни и повеќе зависни од дигитални технологии, постои потреба да се зајакнат напорите на ревизорот за идентификување и реагирање на ризиците од материјално погрешно пријавување поради измама, како и реакцијата на ревизорот на идентификуваната или сомнителната измама. EY е посветен на справување со прашањата на заинтересираните страни во врска со одговорностите на ревизорот во однос на измамата.

EY гледа нови можности за искористување на податоците за идентификување и реагирање на ризикот од измамничко финансиско известување. На пример, ревизорите сè повеќе користат анализа на податоци за идентификување на необични трансакции и нивни модели кои можат да укажуваат на зголемен ризик од измама. Постојат алатки и процеси на EY кои се развиваат за да им помогнат на тимовите на EY да идентификуваат и реагираат на ризикот од измама. Овие вклучуваат:

- **Алатка за автентичност на документи**, која тестира изменети избрани електронски документи користејќи различни техники и помага да се идентификува кога документот обезбеден како доказ за ревизија може да бил изменет, манипулиран или модифициран.
- **Анализатор на ризик од измама при запишување на трансакции (JEFRA),** кој тестира секоја запишана трансакција избрана за карактеристики поврзани со зголемен ризик од надминување на управувањето и идентификува записи за дополнителна разгледување.
- **Процес за известување за краткорочни продавачи**, кој следи и дистрибуира извештаи глобално до ревизорските тимови и лидерството.
- **Пребарувања на негативна медиумска изложеност**, кои идентификуваат статии кои укажуваат на ризик од измама или

непочитување. Избраните статии се дистрибуираат внатрешно за понатамошно разгледување.

- **Унапредени метрики за форензика**, кои користат податоци за идентификување на индикатори за зголемен ризик од измама врз основа на примената на техники на машинско учење на историски податоци од финансиски извештаи, обезбедувајќи им на ревизорските тимови способност да го подобрат своето оценување на ризиците од измама преку специфичен фокус на ниво на сметка.



## Преглед на извршена ревизија

Политиките на EY ги опишуваат барањата за навремено и директно професионално учество на сениорите, како и нивото на преглед потребно за извршената работа и условите за документирање на извршената работа и постигнати заклучоци. Надзорните членови на тимот на ревизорски ангажман вршат детален преглед на ревизорската документација за техничка точност и комплетност. Искусните ревизорски директори и партнерите на ангажманот вршат преглед на второ ниво за да ја утврдат соодветноста на ревизорската работа како целина и поврзаната презентација на сметководството и финансиските извештаи. Онаму каде што е соодветно, и врз основа на ризикот, даночниот професионалец ги прегледува значајните даночни и други релевантни работни документи. За котираните ентитети, ентитети од јавен интерес и одредени други компании, прегледувачот за квалитет на ангажманот (опишан подолу) ги прегледува важните области од сметководството, финансиското известување и извршувањето на ревизијата, како и финансиските извештаи на ревидираната компанија и извештајот на ревизорот.

Природата, времето и обемот на прегледите на ревизорската работа зависат од многу фактори, вклучувајќи:

- Ризик, материјалност, субјективност и сложеност на соодветниот предмет
- Способност и искуство на членовите на тимот за ревизија за подготовка на ревизорската документација
- Ниво на директно учество на прегледувачот во ревизорската работа
- Степен на ангажирани консултации

Политиките на EY, исто така, ја опишуваат критично важната улога на Одговорниот партнер (PIC) во управувањето и постигнувањето квалитет на ревизијата и зајакнувањето на важноста на квалитетот за сите членови на ревизорскиот тим.



## Барања за консултации

Политиките за консултации на EY се изградени врз култура на соработка, при што професионалците за ревизија на EY се охрабруваат да ги споделуваат своите перспективи за сложени проблеми во сметководството, ревизијата и известувањето. Во анкетата за квалитет во 2024 година, 86% од испитаниците изјавија дека културата на соработка во EY ги охрабрува да бараат совет и поддршка.

Како што опкружувањето во која работат фимите членки на EY станува се по-комплексно и поврзано низ целиот свет, културата на консултации на EY стана уште поважна за помагање на членките на EY да донесат соодветни заклучоци за ентитетите што ги ревидираат во навремена основа. Барањата за консултации и поврзаните политики се дизајнирани да вклучат соодветни ресурси, така што ревизорските тимови да донесат соодветни заклучоци.

**Културата на консултации во EY ги поддржува ревизорските тимови да обезбедуваат беспрекорни, конзистентни и висококвалитетни услуги кои ги исполнуваат потребите на ревидираните ентитети, нивните управни тела и сите заинтересирани страни.**

За сложени и чувствителни прашања, постои формален процес кој бара консултација надвор од тимот за ревизија со други професионалци на EY кои имаат порелевантно искуство, првенствено професионалци од Професионалната пракса и независноста. Во интерес на објективноста и професионалниот скептицизам, политиките на EY бараат членовите на Професионалната пракса, независноста и одредени други да се повлечат од консултацијата ако во моментов служат или неодамна служеле на ентитетот на кој се однесува консултацијата. Во овие околности, ќе бидат назначени други соодветно квалификувани индивидуи.

Политиките на EY исто така бараат сите консултации да бидат документирани, вклучувајќи писмена согласност од лицето или лицата кои биле консултирани, за да се покаже нивното разбирање на прашањето и неговото решение.



## Проверка на квалитетот на ревизијата

Политиките на EY за преглед на квалитетот на ангажманот, кои се во согласност со ISQM 2, Прегледи на квалитетот на ангажманот, се однесуваат на ревизиите кои подлежат на прегледи

на квалитетот на ангажманот и квалификациите на проверувачите за квалитет на ангажманот, со обука и поддршка за извршување на прегледот на квалитетот на ангажманот. Проверувачите за квалитет на ангажманот се искусни професионалци на EY со значајно знаење во соодветната област. Тие се независни од тимот за ангажман и обезбедуваат објективна оценка на значајните проценки направени од тимот за ангажман и заклучоците донесени врз основа на нив. Извршувањето на прегледот на квалитетот на ангажманот, сепак, не ги намалува одговорностите на PIC за ангажманот и неговото извршување. Во никој случај не може да се пренесе одговорноста на проверувачо  за квалитет на ангажманот на друга личност.

Прегледот на квалитетот на ангажманот опфаќа целокупниот циклус на ангажманот, вклучувајќи планирање, оценка на ризикот, стратегија за ревизија и извршување. Политиките и процедурите за извршување и документирање на прегледите на квалитетот на ангажманот обезбедуваат специфични насоки за природата, времето и обемот на процедурите што треба да се извршат, како и потребната документација која докажува нивно завршување. Во сите околности, прегледот на квалитетот на ангажманот се завршува пред да биде датум на извештајот на ревизорот.

Прегледите на квалитетот на ангажманот ги извршуваат ревизорските партнери во согласност со професионалните стандарди за ревизии на сите котирани компании, сите ентитети од јавен интерес и оние кои се сметаат дека треба да имаат блиско следење. Директорот на АМР за земјата (или Лидерот на ревизија за земјата) и ППД за земјата го одобруваат назначувањето на  проверувачот за квалитет на ангажманот за секој применлив ангажман.



### Процес на решавање на различни професионални мислења во рамките на ревизорскиот тим

EY има култура на соработка која ги охрабрува и очекува луѓето да зборуваат, без страв од одмазда, доколку се појави разлика во професионалното мислење или ако немаат добро чувство за прашање поврзано со ангажман на клиентот. Политиките и процедурите се дизајнирани да им овозможат на членовите на тимот на ревизорски ангажман да покренат било какви несогласувања во врска со значајни работи за сметководство, ревизија или известување.

Овие политики им се ставаат на располагање на вработените во моментот кога се приклучуваат на EY, а ние продолжуваме да промовираме култура која ја зајакнува одговорноста и авторитетот на една личност да ги слуша своите ставови и да бара различни видувања од другите.

Разликите во професионалното мислење што се појавуваат за време на ревизијата генерално се решаваат на ниво на тимот на ангажманот за ревизија. Меѓутоа, ако било кое лице вклучено во дискусијата за некое прашање не е задоволно со одлуката, тие ја упатуваат на следното ниво на авторитет додека не се постигне договор или не се донесе конечна одлука, вклучително и консултација со професионалната пракса доколку е потребно.

Понатаму, ако проверувачот на квалитетот на ангажманот даде препораки што партнерот на ангажманот не ги прифаќа или прашањето не е решено на задоволство на проверувачот на квалитет, извештајот на ревизорот не се издава додека не се реши прашањето.

Разликите во професионалното мислење кои се решаваат преку консултација со стручната пракса се соодветно документирани.



### Чување на документација

Глобалната политика за чување и отстранување на записи и информации поддржува и се гради врз основа на одредбите во Глобалниот кодекс на однесување на EY во однос на дејствување со професионална интегритет во однос на документирање на работата и почитување на интелектуалниот капитал. Оваа политика и Глобалниот распоред за задржување (GRS) утврдуваат барања за управување со записи и информации (RIM) за управување со записи и информации и документи (“записи и информации”) во текот на нивниот животен циклус, вклучувајќи го барањето безбедно да се отфрлат или избришат записи за кои рокот на задржување е истечен, освен ако не се применуваат посебни и прифатливи околности. Оваа политика, GRS и RIM барањата се во согласност со применливите професионални стандарди и се базирани на регулаторни, правни и бизнис барања и обврски, и се применуваат на сите ангажмани и луѓе на EY и се однесуваат на правните барања на EY Северна Македонија, применливи на создавање и одржување на работни документи, релевантни за извршената работа.



## Ресурси

Постојано се инвестира во ресурси од страна на EY.

Ресурсите дефинирани од ISQM1 вклучуваат интелектуални, технолошки и човечки ресурси.



## Методологија за ревизија

Глобалната методологија за ревизија на EY (EY GAM) обезбедува глобална рамка за обезбедување на услуги за ревизија на високо ниво преку конзистентна примена на размислувања, проценки и процедури во сите ангажмани за ревизија, без оглед на големината. EY GAM исто така бара усогласеност со релевантните етички барања, вклучувајќи независност од ревидираната фирма. Извршувањето на проценки на ризик; повторно разгледување и модифицирање на нив како што е соодветно; и користење на овие проценки за утврдување на природата, времето и обемот на ревизорските процедури се основни за EY GAM. Методологијата исто така нагласува примена на соодветен професионален скептицизам при извршувањето на ревизорските процедури. EY GAM е базирана на Меѓународните стандарди за ревизија (ISA) и е дополнета во EY Северна Македонија за да се усогласи со локалните стандарди за ревизија во Северна Македонија и регулаторните или законските барања. EY GAM е еден пример за интелектуален ресурс достапен за членките на EY за да се постигне конзистентност во извршувањето на ангажманите за ревизија.

Кога се достапни релевантни податоци и се експортирани од фирмата во глобалната аналитичка платформа EY Helix, вградената пристапна анализа на EY GAM се фокусира на поедноставување на задачите и подобрување на поврзаноста од една ревизорска процедура до следната, користејќи целосни популации на податоци од фирмата. Способноста за анализа на податоци со користење на EY Helix го подобрува разбирањето на ревизорските тимови за бизнисот на фирмата и помага на тимовите да се фокусираат на утврдување на специфичните ризици на фирмата, клучните трансакции и трендови и аномалии кои можат да бидат индикатори на неточности или измама. Ревизорските процедури, вклучувајќи проценки на ризик и аналитички процедури, започнуваат со менталитет насочен кон податоците, анализирајќи релевантни финансиски и нефинансиски податоци и дополнувајќи ги со традиционални ревизорски техники како што се прашања, набљудувања и инспекција.

Користејќи EY Atlas, ревизорот на EY добива EY GAM, организиран по теми, и е дизајниран да ја фокусира стратегијата за ревизија на ризиците од финансиските извештаи и на дизајнот и извршувањето на соодветниот ревизорски одговор на тие ризици. EY GAM се состои од два клучни компоненти: барања и упатства; и поддржувачки форми и примери. Барањата и упатствата одразуваат и ревизорски стандарди и политики на EY. Примерите во EY GAM ги дополнуваат барањата и упатствата со илустрации на водечките практики.

EY GAM специфично ги разликува барањата и упатствата кои се применуваат на ревизии на котирани фирми и фирми од јавен интерес.

EY продолжува да ја развива методологијата за да се справи со промените и ревизиите во ревизорските и другите професионални стандарди и промените во финансиските извештајни процеси на фирмите, и за да го подобри упатството поврзано со прашања кои се важни за заинтересираните страни на фирмите, како што се ризиците поврзани со климатските промени, ризикот од сајбер безбедност и користењето на новите технологии во нивните операции или финансиските извештаи (на пр. автоматизација, вештачка интелигенција, блокчејн). Тимовите за ревизија на EY добиваат методологија, упатства и ресурси за идентификување и одговор на уникатни ризици кои произлегуваат од макроекономските и геополитичките услови, климатските прашања, ризикот од сајбер безбедност и технолошките нарушувања.

Други подобрувања се направени за да се адресираат искуствата од имплементацијата и резултатите од надворешните и внатрешните инспекции.

Неодамна, EY GAM беше ажурирана за барањата на МСР 600 (Ревидиран), Посебни разгледувања – Ревизии на финансиски извештаи на групата (вклучувајќи ја работата на ревизорот на компонентата) и промените на Кодексот на етика на Меѓународниот совет за етика на сметководители за да се адресираат размислувањата за независност во групна ревизија. Комплет на алатки за имплементација на ревидираните барања беше издаден.

Покрај тоа, тековните и новите развојни настани се следат, а навремени комуникации за планирање и извршување на ревизија се издаваат. Овие комуникации нагласуваат области забележани за време на инспекциите, како и други клучни теми од интерес за локалните регулатори за ревизија и Меѓународниот форум на независни регулатори за ревизија (IFIAR).



### Нефинансиско известување

Членките на EY обезбедуваат услуги за уверување за широк спектар на нефинансиски информации и информации поврзани со известувањето. Методологијата за уверување за одржливост на EY (EY SAM - EY Sustainability Assurance Methodology) обезбедува глобална рамка за примена на конзистентен пристап во сите ангажмани за уверување на информации за одржливост (ESG). EY SAM предвидува испорака на услуги за уверување на високо ниво преку конзистентна примена на размислувања, проценки и процедури во сите ангажмани, без оглед на нивото на уверување што се бара. EY SAM е исто така адаптибилна на природата на ESG известувањето и критериумите применети од страна на известувачката фирма при изготвувањето на тој извештај.

Методологијата нагласува примена на соодветен професионален скептицизам при извршувањето на процедурите, вклучувајќи го променливиот пејзаж во ESG известувањето и критериумите. EY SAM е базирана на Меѓународните стандарди за ангажмани за уверување (ISAEs) и е дополнета во Северна Македонија за да се усогласи со локалните стандарди за уверување и регулаторните или законските барања.

Како дел од нашата и обврските на другите членки на EY за услуги за уверување на високо ниво поврзани со нефинансиско известување, EY разви упатства, обуки и програми за мониторинг и процеси кои ги користат професионалците од членките на EY за конзистентно и ефективно извршување на таквите услуги. Ова ги вклучува и услугите за климатски промени и одржливост на EY – посебен тим на професионалци за одржливост.

Развиени се и упатства за ревизорските тимови за проценка на влијанието на климатскиот ризик на финансиското известување согласно Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) или други рамки за финансиско известување. Глобалните, регионалните и државните ППД, функциите за квалитет на EY и одделите за МСФИ, заедно со другите професионалци за финансии и одржливост, кои работат со тимовите на секоја фирма-членка, се запознаени со променливиот регулаторен пејзаж на нефинансиско известување, луѓето на EY, клиентите и процесите. Тие се лесно достапни за поддршка на ревизорските тимови.

EY постојано инвестира во ресурси (човечки, интелектуални и технолошки) за ангажмани за уверување за известување за одржливост подготвено во согласност со Стандардите за обелоденување на одржливост на МСФИ или Европските стандарди за известување за одржливост (ESRS).

Дополнително, подобрените процеси поврзани со управувањето со квалитетот на EY имаат за цел да се справат со таквите аспекти како што се процесот на прифаќање на ангажманот, барањата за обука и акредитација, и распределбата на ресурси специфично поврзани со услугите за уверување за нефинансиските известувања.

EY дава придонес во бројни јавни и приватни иницијативи за подобрување на квалитетот, компаративноста и конзистентноста на нефинансиското известување, вклучувајќи го климатскиот ризик. Овие активности се одвиваат на глобално, регионално и национално ниво.



### Сертифицирање на технологијата

EY има робустен процес на сертификација за да помогне да се осигура дека технологијата која се користи во ангажманите за ревизија е соодветна за целта (т.е. дека решението ги исполнува своите цели, е соодветно за употреба во ревизорските околности и дека луѓето на EY имаат соодветни надлежности за користење на решението).

Сертифицирањето на технологијата се однесува на низа аспекти, вклучувајќи дека решението има јасна цел за ревизорската документација, е соодветно тестирано, дека методологијата и континуираното учење се достапни за поддршка на неговата примена и дека релевантните правни и регулаторни барања се управувани (на пр. приватност на податоците).



### Различност, еднаквост и инклузивност

Долгогодишната посветеност на EY за изградба на различни, праведни, инклузивни и тимови со високи перформански е особено важна во ревизијата, каде што различните перспективи поттикнуваат професионален скептицизам и критичко размислување. Поради тоа, поразновидна, праведна и инклузивна средина помага во подобрување на процесот на донесување одлуки, поттикнува иновации и ја зголемува организациската агилност.

Патувањето на EY во однос на различност, еднаквост и инклузивност (DE&I - Diversity, Equity, and Inclusiveness) трае многу години. Иако е постигнат значителен напредок под глобалната стратегија, EY останува фокусирана на DE&I низ целата организација. Глобалниот извршен одбор (GE) се обврза кон луѓето на EY и на пазарот да го забрза DE&I преку потпишување на Изјавата за

DE&I на GE. Ова го потврдува DE&I како клучен бизнис механизам и ги држи фирмите членки на EY одговорни за напредокот, почнувајќи од тонот на врвот.

Во последните години, посебен акцент е ставен на промовирање на родовата разноличност. Триесет и седум проценти од новите партнери на EY фирмите членки за ревизија низ целиот свет, промовирани на 1 јули 2024 година, беа жени, а еден силен поток на женско лидерство е изградена, поддржан од 52.8% од сите вработувања на ангажманите за ревизија од страна на членките на EY низ целиот свет во 2024 година, беа жени.

***Ревизорски професионалци по ранг кои се жени***

30%
Партнери и извршни директори

47%
Сениор менаџери и менаџери

54%
Сениори и персонал

** 1 јули 2024 година (Глобална организација на EY) **

Инклузивните организации ја максимизираат моќта на сите разлики. Вработените треба да се чувствуваат како да работат за организација која не само што ги цени како поединци туку и ги гледа разликите како
силни страни и го вреднува нивниот придонес. Поттикнувањето на ова чувство на припаѓање е клучно за привлекување на најталентираните поединци и помагање на професионалците на EY да останат мотивирани и ангажирани. Во анкетата за слушање на вработените во март 2024 година [People Pulse Survey], 82% од ревизорите на EY изјавија дека организацијата EY обезбедува работна средина во која се чувствуваат слободни да бидат свои. Лидерите во EY го ставаат DE&I (Различност, Еднаквост и Инклузивност) како приоритет и тоа е клучен показател во сите програми за управување со таленти на организацијата. За да се овозможи поголема одговорност, Глобалниот извештај за напредок на DE&I е клучна алатка за поттикнување на конзистентни акции и известување низ EY, во поддршка на амбицијата и стратегијата на EY. Ние продолжуваме да гледаме колективен напредок низ организацијата, како и области каде што можеме да се фокусираме на напорите и да ги затвориме празнините за да бидеме сигурни дека луѓето на EY имаат пристап до инклузивни и праведни искуства.

Како глобална организација, EY има можност да се справи со влијанието на нееднаквостите и неправдата и да се бори за напредок во рамките на EY и пошироко. Создавањето на Глобалната работна група за социјална праведност на EY (GSET) ја зголеми посветеноста на зголемен и континуиран фокус на социјалната праведност, што подразбира отстранување на пречките, изградба на поинклузивни средини и овозможување пристап до ресурси и можности. Социјалната праведност значи дека стремиме секоја личност во EY Северна Македонија да има пристап до ресурсите и можностите што им се потребни, со оглед на различните почетни точки. Тоа исто така значи отстранување на бариерите за можности и инклузивни искуства, кои можат да доведат до нееднакви резултати. EY верува дека бизнисите имаат директно влијание за да се справат со овие празнини и да изградат подобар работен свет, преку тимска работа, инклузивно однесување и праведна распределба на работата, како и начинот на кој се донесуваат одлуките за оценување на перформансите, напредување и именување.

Вредностите на EY се водечки принципи кои ја обликуваат нашата култура, однесување и одлуки. Нашите вредности го дефинираат тоа кои сме:

**Нашите вредности: кои сме ние**

1 Луѓе кои демонстрираат интегритет, почит, тимска работа и инклузивност

2 Луѓе со енергија, ентузијазам и храброст да водат

3 Луѓе кои градат односи базирани на правилен начин на работење



Вреднување на вработените

Изјавата за вреднување на вработените во EY (EVP) е ветувањето што го даваме на нашите вработени во замена за работата во EY Северна Македонија. Работната сила на EY постојано се менува, и ние сме во динамичен и конкурентен пазар на таленти, каде што луѓето на EY сега сакаат различни работи од своето работно место. Она што го ветуваме со EVP е поважно од било кога.

Како дел од новата стратегија на EY, EVP е ажуриран за да одрази дека секој вработен може да „ја обликува својата иднина со доверба." Ова сигнализира значителна промена од овозможување на исклучително искуство во EY до обезбедување на можности за развој, давање на моќ и поттик на извонредни луѓе во EY.

EY Северна Македонија е посветена на инвестирање во нашиот највреден ресурс – нашите луѓе – за да помогне да се осигура дека го исполнуваме нашето ветување кон нив. Исполнувањето на EVP, пак, ни помага да постигнеме понатамошен напредок во квалитетот на ревизијата, создавајќи реална вредност и увид за ентитетите што ги ревидираме.



## Привлекување и регрутирање на таленти

Во свет со намалување на бројот на таленти во сметководството и ревизијата, каде што бројот на студенти кои дипломираат со релевантна диплома продолжува да опаѓа, конкуренцијата за таленти со оптимален сет на вештини никогаш не била поголема. Наоѓањето на следната генерација на висококвалитетни ревизори останува врвен приоритет за EY. Ова е исто така врвен приоритет за неколку професионални сметководствени тела, што истакнува дека ова е фактор со кој професионалната фела како целина треба да работи заедно за да се справи.

EY задржува силна глобална мрежа на регрутери и продолжува да ги едуцира и усовршува во клучните области на фокус за EY бизнисите, тековните трендови и актуелните теми во ревизијата, така што тие се опремени со информации за да разговараат со кандидатите. EY исто така истражува неколку иновациски платформи за регрутирање и иницијативи за привлекување таленти со цел да се поврзе со нови и различни кадри со кои EY немаше можност да се поврзе преку традиционалните канали и да биде иновативна во начини на кои EY комуницира со и ги привлекува нашите идни таленти.

На пример, се работи на развој на виртуелен програм за работно искуство во ревизија, со поддршка на надворешен добавувач. Овој програм е дизајниран првенствено за студенти од универзитети и колеџи кои се во раните фази на своето образование и сакаат да истражат идни патеки на кариера. Целта на овој програм е да се поврземе со студентите и да се прикаже работата што тимовите на EY ја прават во ревизија низ целиот свет, на директен и неформален начин, со цел да се изгради мрежа со нашите идни таленти од раните фази на нивното академско патување. Студентите кои учествуваат во оваа виртуелна симулација на работа имаат поголема веројатност да се пријават, да имаат интервју и да бидат успешни во обезбедувањето на можност да бидат дел од тимовите за ревизија на EY.

EY сега вклучува вештачка интелигенција за да ги пронајде и идентификува талентите, овозможувајќи им на кандидатите да ги испратат своите CV и да им помогнат да најдат потенцијални можности низ EY. Вештачката интелигенција се користи за помош при прегледување на CV, овозможувајќи им на регрутерите да го забрзаат процесот на преглед и интервју, нудејќи подобро искуство за кандидатите и подобри квалитетни кандидати за пополнување на слободните работни места побрзо.

За да се регрутираат луѓе кои се вклопуваат во културата на EY, важно е да се разгледа не само техничката извонредност, туку и други атрибути – комуникациски вештини, високи етички стандарди и способност за соработка во тимови со високи перформанси. Сите нови членови се очекува да ги исполнуваат високите стандарди на интегритет и да имаат силна бизнис интуиција и потенцијал за лидерство.



## Задржување и фокусирање на благосостојбата

Откако се регрутира талентот, задржувањето на истиот во организацијата е клучен фактор за обезбедување на висококвалитетни ревизии. Задржувањето може да варира во зависност од надворешни фактори, како што се пазарните услови, но со 78% во јуни 2024 година, глобалната стапка на задржување во ревизијата е на повисоко ниво отколку пред пандемијата COVID-19.

Луѓето на EY секогаш сакале да постигнат соодветен баланс помеѓу нивниот професионален и личен живот, но помладите генерации на работна сила многу побрзо превземаат акции ако нивото на флексибилност или благосостојба што го посакуваат не е исполнето. Во моментов, 36% од ревизорите на EY работат од дома два или повеќе дена неделно, бројка која се стабилизира како работна норма.

Сè поголем приоритет за талентите е фокусот на благосостојба и подобрување на секојдневното искуство на луѓето на EY. Главната цел е да се вгради култура на благосостојба преку посветеноста на лидерството да обезбеди финансиска, физичка, емоционална и социјална поддршка која им овозможува на луѓето на EY да бидат најдобри што можат да бидат. Ова може да се манифестира во обезбедувањето на флексибилни работни аранжмани, програми за уважување, свест за менталното здравје и благосостојба, учење и развој, плус многу повеќе.

Во пракса, ова вклучува и праведно балансирање на распределбата на работата и отстранување на бариерите кои претходно ги спречуваа професионалците на EY да ги поставува и да се придржуваат до здрави граници. Постои поголем фокус на управувањето со искуствата, распоредувањето на ревизорите на ангажмани, каде што можат да најдат можности за проширување на своето знаење како дел од подолгорочниот напредок во кариерата. 71% од ревизорите на EY се согласуваат дека работните искуства потребни за напредок во кариерата се распределуваат праведно, според анкетата за истражување на вработените во март 2024 година [People Pulse Survey].

Колку подобро организацијата може да ја поддржи благосостојбата на луѓето на EY, толку поголема е веројатноста да им обезбеди убедливи причини да го продолжат своето патување во кариерата во мрежата на EY.



### Академија за ревизија

Променливите средини значат дека инвестициите во исклучителен талент треба да бидат агилни. Ревизорските тимови веќе обединуваат сè поголем и различен сет на вештини, а овој тренд само ќе се забрза со усвојувањето на нови технологии и продолжувањето на еволуцијата на улогата на ревизорскиот професионалец. Вештините ќе треба дополнително да се подобрат за да вклучат нови способности, како што се кодирање и визуелизација на податоци, и нови области, како што е анализата на нефинансиски информации (на пример, брзо менување на ESG стандардите).

Професионалците за ревизија на EY исто така треба да разберат и да ги проценат ризиците и аспектите поврзани со овие технологии, особено бидејќи компаниите имплементираат нови системи и генерираат нови податоци кои влијаат на финансиското известување, како што се бизнис моделите кои се занимаваат со криптовалути.

Ова се решава преку Академијата за ревизија, EY глобалната програма за учење на ревизори. Таа ги гради основните вештини на ревизорите и се развива со текот на времето, на пример, за да ги комплементира тие основни вештини со новите способности потребни за поддршка на EY Дигиталната ревизија. Секоја година, содржината и фокусот на Академијата за ревизија се прилагодуваат за да се справат со новите технологии и стратегиски приоритети кои го промовираат квалитетот на ревизијата. Покрај тоа, наодите од инспекцијата и прегледот на квалитетот редовно се прегледуваат за да се оценат и решат базичните причини, а заклучоците потоа се вклучуваат во курикулумот на Академијата за ревизија како дел од годишното одржување. Сите препорачани промени се договараат со раководството за ревизија, а потоа се одобруваат од Управниот комитет за глобалното учење за ревизија на EY.

Тимовите можат да бидат сигурни дека добиваат водечко и глобално конзистентно основно учење. Академијата за ревизија охрабрува и овластува лицата да применуваат професионален скептицизам, критички да размислуваат и да обезбедуваат исклучителна услуга за клиенти. Таа создава поагилен сет на вештини кој им овозможува на учесниците да се прилагодат на промените во регулативата, усвојувањето на новите технологии или користењето на новите алатки и техники за анализа на податоци.

Академијата за ревизија е дизајнирана да обезбеди флексибилност во имплементацијата, преку комбинација на содржина на барање и учење базирано на симулации или студии на случаи кои можат да се имплементираат физички или виртуелно.

EY Северна Македонија бара од ревизорските професионалци да добијат најмалку 20 часа континуирано професионално образование секоја година и најмалку 120 часа во период од три години. Од овие часови, 40% [(осум часа секоја година и 48 часа во период од три години)] мора да покриваат технички предмети поврзани со сметководство и ревизија.

Вкупно, за финансиската година до 30 јуни 2024 година, професионалците за ревизија на EY глобално извршија 9.1 милиони часа учење (во споредба со 8.8 милиони часа за претходната година), со просек од 89.7 часа по лице, значително над минималните барања. Додека некои од овие дополнителни часови се однесуваат на технички предмети за сметководство и ревизија, други поддржуваат развој на пошироки вештини, како што се опишани во следниот дел. Во анкетата за квалитет во 2024 година, 84% од испитаниците изјавија дека добиле доволно обука и развој за да им овозможат да обезбедат квалитетни ревизии или други ревизорски ангажмани за уверување, што е зголемување од 5% во однос на 2023 година.



### EY Значки (Badges) и надоградба на партнерите

Покрај учењето специфично за ревизија, EY обезбедува широк спектар на содржини. Тоа опфаќа правни, етички и теми поврзани со усогласеност (како што се независност, вредности и безбедност на информации), како и други вештини како што се благосостојба, менторство, советување, тимска работа и развој на бизнис. За да се поттикне надоградбата на нови вештини, програмата EY Значки им овозможува на професионалците на EY да стекнат вештини насочени кон иднината, вклучувајќи автоматизација на роботски процеси, тимска работа, иновации и кибербезбедност (безбедност на електронски податоци), како и други способности кои се во висока побарувачка, како што се вештачка интелигенција и одржливост. EY Значки (Badges) е иницијатива за самостојно учење која дополнува значителен програм на основно структурирано знаење за ревизори.

Во врска со EY Значки е EY Tech MBA и магистерски студии во Бизнис Аналитика и

Одржливост. Овие се онлајн квалификации доделени од Hult International Business School, универзитет со три акредитации, кои се достапни бесплатно за сите луѓе на EY.

На 30 јуни 2024 година, над 53,500 EY Значки биле доделени на актуелни професионалци за ревизија на EY, вклучувајќи 15,500 само во аналитика и стратегија за податоци. Покрај тоа, повеќе од 31,000 EY Значки биле доделени на лица кои од тогаш ја напуштиле EY.

Постојат и различни програми за учење кои се развиени специјално за партнери на фирмите членки на EY. Овие се достапни за сите партнери на фирмите членки на EY низ целиот свет и опфаќаат теми вклучувајќи Вештачка Интелигенција, Инспиративно Лидерство, Деструктивна (нарушувачка) Технологија и Одржливост. Овие се надополнети со програми кои имаат висока достапност за избрани групи партнери на теми како што се Лидерство кон Клиенти и Деструктивна (нарушувачка) Технологија, а исто така постојат редовни програми за учење на теми специфични за ревизија, како што се проценка на ризик и измама.



## Персонализирани кариери со различни искуства

Како што работната сила станува сè поразлична во однос на позадината, сетот на вештини, искуствата и образованието, фирмите членки на EY имплементираат пофлексибилни кариеерни патеки за сите професионалци на EY.

Нудење поагилна и флексибилна кариера која вклучува забрзување за најуспешните вработени е витално за привлекување нови, различни таленти и за помагање во развојот и задржувањето на постоечката работна сила.

Промоциите имаат за цел да се фокусираат на вештините на луѓето на EY, а не на бројот на години поминати на позицијата. На пример, одлуките за промоција се оддалечуваат од традиционалниот годишен циклус, бидејќи EY воведува повеќе „агилни промоции“, каде што напредокот во кариерата се случува кога поединецот е подготвен и постои бизнис потреба, а не во одредени времиња во годината.

Сепак, признавајќи дека поединците често имаат различни очекувања за кариерата, луѓето на EY добиваат потребните алатки и процеси за да управуваат со својот напредок на свој начин. Како доказ, во анкетата за квалитет во 2024 година, 90% од учесниците изјавија дека секое релевантно учење е охрабрено како дел од нивниот развој на кариерата за да им овозможи да обезбедат квалитетни ревизии и други услуги за уверување, што е зголемување од 2% во однос на 2023 година.



## Мобилност

Едно од најмоќните искуства што членките на EY можат да им ги понудат на своите луѓе е работата помеѓу култури и граници. Знаеме дека луѓето се приклучуваат на EY за исклучителни и различни искуства, при што 89% од новите вработувања во EY Assurance (Ревизија) се мотивирани од приклучувањето кон високо глобално интегрирана организација.

Фирмите членки на EY обезбедуваат разновидни решенија и програми за мобилност на барање на вработените. Глобалната платформа за мобилност, Mobility4U, им обезбедува на професионалците на EY единствена можност на влез за преземање можности низ целиот свет кои обезбедуваат развојно искуство и олеснуваат во споделување на специфично знаење и вештини. Паралелно, постои фокус на стратегиски програми за мобилност за партнери на членките и идни лидери, кои поддржуваат клучни бизнис императиви.

Покрај географската мобилност, фирмите  членки на EY сè повеќе можат да понудат виртуелни искуства за мобилност. Овие искуства обезбедуваат придобивки од работа преку граници со нови тимови и им овозможуваат на луѓето на EY да го прошируваат својот глобален менталитет и остварување на контаки.

Неодамнешната анализа на повратот од инвестиции во мобилноста покажа дека меѓународното искуство ја зголемува стапката на задржување (+15%) и позитивно влијае на кариерата. Деведесет и пет проценти од назначените за мобилност известија за позитивно влијание на кариерата една година по назначувањето, 93% од назначените изјавија дека нивното меѓународно искуство било исклучително, а 97% би препорачале назначување за мобилност во EY.



## Управување со перформанси

Рамката за управување со перформанси на EY, LEAD, ја поддржува кариерата на луѓето на EY, инспирирајќи го нивниот раст и признавајќи ја вредноста што ја носат во EY Северна Македонија. Преку дефинирани глобални и локални клучни индикатори на перформанси (KPI), тековен фидбек, увид од ментори и разговори, LEAD помага да се усогласат стратегијата на поединците со стратегијата на EY и овозможува фокус на иднината. Листа на прегледи на поединецот

обезбедува преглед на нивната повратна информација и коментари за перформансите во ангажманот до денес, вклучувајќи повратни информации поврзани со квалитетот, управувањето со ризици и техничката извонредност. На крајот од годината, поединците добиваат резултат, наречен категорија (ниво), базиран на агрегирана повратна информација, напредок наспроти KPI и придонеси за EY преку увид од ментори и лидери. Категоријата служи како еден од влезовите за програмите за компензација и награди.

Во центарот на рамката се разговорите помеѓу советуваниот и советникот, кои опфаќаат теми како што се повратна информација, кариерни амбиции, создавање инклузивна и праведна средина и следење на учењето и новите искуства. Овие разговори помагаат да се идентификуваат можности за понатамошен развој и да се изградат вештини насочени кон иднината.

Рамката за управување со перформанси се протега до партнери, принципи, извршни директори и директори (PPEDDs) и се применува на сите фирми членки на EY низ целиот свет. Таа го зајакнува глобалниот бизнис агенда продолжувајќи да ја поврзува перформансата со пошироките цели и вредности. Процесот вклучува поставување цели, континуирана повратна информација, планирање на личен развој и годишен преглед на перформансите, сè поврзано со признавањето и наградувањето на партнерите. Документирањето на целите и перформансите на PPEDS е основа на процесот на евалуација. Целите на партнерот на фирмата членка на EY се потребни да одразуваат различни глобални и локални приоритети преку шест метрики, при што најважната е квалитетот.



Посветеност на вработените (ангажираност)

Посветеноста на вработените е витален знак за успех во изградбата на вистинската култура. Професионалците за ревизија на EY сакаат да се чувствуваат дека нивниот работодавач се грижи за нивниот напредок и задоволство од работата. Разбирањето на амбициите, загриженостите и притисоците со кои се соочуваат луѓето на EY овозможува да се создаде подобра средина во која можат да напредуваат.

Нивото на ангажман редовно се следи преку различни канали, а анкетата за слушање на вработените во EY во март 2024 година [People Pulse Survey] покажа дека 75% од професионалците за ревизија имаат поволен став во однос на ангажманот.

Слушањето на ставовите и загриженостите на луѓето на EY е клучен елемент во зголемувањето на ангажманот. Стратегијата за слушање на вработените во EY им дава глас на луѓето на EY на секој чекор од нивното искуство во EY, така што знаеме што им е потребно и што EY Северна Македонија може да направи за да помогне во изградбата на исклучителни искуства. Разбирањето на еволутивните перспективи и искуства на луѓето на EY е од суштинско значење за испорака на нашиот EVP.

Анкетата за истражување на вработените [People Pulse Survey] се спроведува три пати годишно за собирање повратни информации за клучните елементи кои го поттикнуваат ангажманот и задржувањето. Секој анкетен лист се фокусира на различни стратешки фактори (на пр. Кариера, Учење и вештини) и вклучува и други релевантни теми.

Анкетата за искуство на тимот на EY е уште еден критичен елемент на стратегијата за слушање на вработените, насочена кон подобрување и унифицирање на секојдневното искуство за ангажманските тимови. Членовите на тимот кои исполнуваат услови даваат повратни информации за своето искуство во ангажманот преку различни прашања, оценети на петточкова скала. Овие повратни информации обезбедуваат применливи увид и патеки за опипливи промени на ниво на ангажманскиот тим.

EY Assurance спроведува иницијатива позната како „Глобални гласови“, која обединува до 200 високо-перформантни млади професионалци за уверување од целиот свет и од сите под сервисни услуги. Нејзината цел е да овласти и ангажира работната сила на фирмите членки на EY преку барање на нивните повратни информации за широк спектар на теми од стратешко значење, за да се прошират перспективите на лидерството. Лидерските тимови сè повеќе се ангажирани и мотивирани да ги разберат перспективите на групата за бизнис-критични предизвици како што се задржувањето на талентите, технологијата, иновациите и социјалното влијание на ESG.



Знаење и внатрешнакомуникација

Покрај професионалниот развој и управувањето со перформансите, EY ја разбира важноста на обезбедувањето на ревизорските тимови со актуелни информации за да им помогне да ги исполнат своите професионални одговорности. Постојат значителни инвестиции од EY во знаење и мрежи  накомуникација за да се овозможи брзо распространување на информации, што помага на луѓето на EY да соработуваат и да споделуваат

најдобри практики. Некои од ресурсите и алатките на EY вклучуваат:

- EY Atlas, кој вклучува локални и меѓународни стандарди за сметководство и ревизија, како и интерпретативни упатства
- Публикации како што се Меѓународниот GAAP, развојот на МСФИ (IFRS) и илустративни финансиски извештаи
- Глобални вести за сметководство и ревизија – неделно ажурирање кое опфаќа политики за уверување и независност, развој од страна на тела за поставување стандарди и регулатори, како и внатрешни коментари за тоа
- Практични известувања и вебинари, кои опфаќаат низа глобални и специфични за земјата прашања, дизајнирани за континуирано подобрување на практиките за уверување на фирмите членки на EY.



## Формирање на тимови за ревизија

Назначувањето на професионалците на EY на ангажман за ревизија се врши под раководство на нашето лидерство за  ревизија во Северна Македонија. Факторите што се разгледуваат при назначувањето на луѓето на EY во ревизорските тимови вклучуваат големина и сложеност на ангажманот; ризик од ангажманот; специјализирано знаење за индустријата и искуство; времето на работа; континуитет; и можности за обука на работното место. За посложени ангажмани, се разгледува дали е потребно специјализирано или дополнително знаење за да се дополнат или подобрат тимовите за ангажман во ревизијата.
Во многу ситуации, професионалците на EY со искуство во специјализирана област на сметководство или ревизија, како што се даноци или информациска технологија, се назначуваат како дел од тимот за ангажман во ревизијата за да помогнат во извршувањето на ревизорските процедури и добивањето на доволно соодветни ревизорски докази. Дополнително, внатрешни специјалисти кои имаат знаење надвор од сметководството или ревизијата, како што се форензика, вреднување на имот, актуарска анализа и ESG, можат да извршуваат работа во својата област која се користи од тимот за ангажман во ревизијата за да помогне во добивањето на доволно соодветни ревизорски докази.

**Ревизорски саати направени од специјалисти***




*од 1 јули 2024 (EJ Глобална  организација)

**во останати се вклучени проценители,актуари и френзичари.

Политиките на EY Северна Македонија бараат одобрување за назначување на  личностина специфични улоги во ревизијата од нашето раководство за ревизија во Северна Македонија и Северна Македонија PPD. Ова се спроведува, меѓу другото, за да се осигура дека професионалците на EY кои водат ревизии поседуваат соодветни компетенции (на пр. знаење, вештини, способности) и лиценци за исполнување на своите одговорности во ангажманот, и, кога е применливо, се во согласност со регулативите за ротација на ревизорите.



## Центри за испорака на услуги

Центри за испорака на услуги (GDS) е интегрирана мрежа на центри за испорака на услуги на EY кои обезбедуваат услуги за поддршка на фирмите членки на EY. Во ера на промени без преседан, GDS продолжува да развива флексибилни бизнис модели и иновативни начини за поддршка на другите членки на EY и нивните еволуирачки потреби. Во сите дисциплини, тимовите на GDS комбинираат широко техничко знаење со фокус на иновации, автоматизација и подобрување на процесите за да создадат стотици прилагодливи и разновидни услуги кои обезбедуваат поголема вредност за организацијата EY. Како дел од своето патување на трансформација на ревизијата, услугите за уверување, ревизијана EY планираат да го зголемат своето користење на специјализирани тимови за да постигнат резултати на повисок квалитет, вклучувајќи и GDS.



## Информации и комуникација

Компонентата за информации и комуникација се фокусира на добивање, генерирање или користење информации и комуницирање на релевантни и доверливи информации, за да се овозможи дизајн, имплементација и функционирање на Системот за управување со квалитет. Квалитетните цели во рамките на компонентата се однесуваат на ефективната двосмерна комуникација помеѓу:

- Луѓето на EY
- Членките во мрежата на EY
- Надворешни страни
- Превземачи на услуги

Ефективната двосмерна комуникација е од суштинско значење за функционирањето на Системот за управување со квалитет и перформансите на ангажманите за ревизија. Глобалната политика за Системот за управување со квалитет обезбедува барања за фирмите членки на EY да комуницираат внатрешно и надворешно за Системот за управување со квалитет на фирмата членка на EY. EY има култура која охрабрува и очекува луѓето на EY да комуницираат релевантни и доверливи информации до членките на EY за да се овозможи Системот за управување со квалитет.



## Систем за управување со квалитетот , мониторинг и корекција

Системот за управување со квалитет, мониториг и корекција е основа на процесот на EY за следење на Системот за управување со квалитетот, вклучувајќи го и квалитетот на ревизијата. Целта на процесот на мониторинг и корекција на недостатоци на Системот за управување со квалитет на EY Северна Македонија е да:

- Обезбеди релевантни, доверливи и навремени информации за дизајнот, имплементацијата и функционирањето на Системот за управување со квалитет на EY Северна Македонија
- Обезбеди основа за идентификација на недостатоци
- Превземање на соодветни дејствија за да се одговори на сите идентификувани недостатоци

Информациите добиени од процесот на мониторинг и корекција за дизајнот, имплементацијата и работењето на Системот за управување со квалитет на EY Северна Македонија се оценуваат за да се донесе заклучок за ефективноста во постигнувањето на целите на Системот за управување со квалитет на EY Северна Македонија.

Системот на мониторинг на управување со квалитет ги вклучува следниве активности и оценувања:

- Тестови на клучните контроли на Системот за управување со квалитет
- Внатрешни и надворешни проверки на ангажмани
- Други мониторинг активности, на пример, но не ограничувајќи се на:
    - Тестови на EY Северна Македонија за исполнувањето на етичките барања на персоналот поврзани со независноста
    - Критики за квалитет од надворешни регулатори релевантни за Системот за управување со квалитет
    - Прашања упатени од етичката телефонска линија

Процесот на мониторинг и корекција на недостатоци се спроведува годишно врз основа на Глобалната политика за мониторинг и корекција на недостатоци на Системот за управување со квалитет, која е глобален интелектуален ресурс обезбеден за да се постигне конзистентност во извршувањето на Системот за управување со квалитет на EY Северна Македонија. Процесот на мониторинг и корекција на недостатоци е координиран и надгледуван од претставници на Регион, Ареа и Глобал PPD (Глобално раководство за професионлна практика), со надзор од страна на раководството на ниво на Кластер, Регион, Област или Глобално ниво.



### Тестирање на клучните контроли на Системот за управување со квалитет

Клучните контроли на Системот за управување со квалитет се дизајнирани и имплементирани за да се намалат ризиците за квалитет. Целта на извршувањето тестови на клучните контроли на Системот за управување со квалитет во рамките на Системот за управување со квалитет на EY Северна Македонија вклучува утврдување дали клучните контроли на Системот за управување со квалитет:

‣ Биле дизајнирани, имплементирани и дизајнираниво согласност со разбирањето и документацијата на сопственикот на контролата

‣ Управувани на навремена основа од Сопственикот на контролата/Операторот на контрола наведен во дизајнот на клучната контрола на системот за управување со квалитетот

‣ Довеле до навремено решавање на сите индетификувани прашања (збир на информации)

‣ Биле засновани на доверливи информации (т.е. информациите користени во извршувањето на клучната контрола на Системот за управување со квалитет се целосни и точни,  доколку е применливо)

Лицата кои тестираат клучните контроли на Системот за управување со квалитет се компетентни, објективни и независни од сопствениците на контролите и операторите на контролите. Лицата кои тестираат клучните контроли на Системот за управување со квалитет работат под раководство на Националниот PPD. Сите лица вклучени во тестирањето на клучните контроли на SQM се ACCA квалификувани и имаат обемно искуство во ревизорската практика.

Покрај контролите кои постојат на ниво на членките на EY, може да има контроли во Системот за управување со квалитет на EY Северна Македонија кои се дизајнирани, имплементирани и функционираат на ниво на Кластер, Регион, Област или Глобално ниво. На пример, Глобалните функции и услужни линии обезбедуваат политики (на пр. Глобалната методологија за ревизија на EY) и технологии (на пр. EY Canvas, PACE) на членките на EY. Глобалните функции и услужни линии имаат контроли над развојот и одржувањето на овие ресурси. Овие контроли се дел од Системот за управување со квалитет на фирмата членка на EY, а EY Северна Македонија останува одговорна за утврдување на тоа како тие контроли се користат во нејзиниот Систем за управување со квалитет, вклучувајќи ги сите потребни дејства за имплементација или дополнување на таквите контроли.

Тестирањето на овие контроли се извршува на ниво на Кластер, Регион, Област или Глобално.

Пристапот за тестирање на контролите на ниво на Кластер, Регион, Област и Глобално следи ги истите барања и упатства утврдени во Глобалната политика за мониторинг и  корекцијана недостатоци на Системот за управување со квалитет. Пред започнување на тестирањето, на членките на EY им се обезбедуваат информации кои вклучуваат преглед на контролите што ќе се тестираат, пристапот за тестирање и информации за тоа кој ќе го извршува тестирањето, вклучувајќи како да им се овозможи на членките на EY да ја оценат својата компетентност и објективност. На пример, тестирањето на глобалните контроли го извршуваат лица независни од сопствениците и операторите на контролите под надзор на Лидерот за мониторинг и анализа на Глобалниот Систем за управување со квалитет.

Информациите за резултатите од тестирањето исто така се споделуваат со членките на EY преку меморандумите за Резултати од активностите за мониторинг и преку други информации за дизајнот, имплементацијата и функционирањето на глобалните клучни контроли. EY Северна Македонија ги добива и оценува резултатите од тестирањето обезбедени од Кластерот, Регионот, Област или Глобално, во зависност од релевантноста, вклучувајќи ја оценката дали постојат наоди релевантни за Системот за управување со квалитет.



## Проверка на квалитетот на ревизијата (**AQR**)

EY Северна Македонија ја извршува Глобалната програма за AQR, известува за резултатите и развива одговорни акциони планови. Глобалниот програм за AQR вклучува инспекција на завршени ангажмани за ревизија. Тоа е активност за мониторинг која се усогласува со барањата и упатствата во ISQM 1 и се дополнува, кога е потребно, за да се усогласи со професионалните стандарди и регулаторните барања на EY Северна Македонија. Тоа исто така помага во тековните напори на EY Северна Македонија да идентификува области каде што можеме да го подобриме нашето работење или да ги подобриме нашите политики и процедури.

 Прегледите на квалитетот на ревизијата вклучуваат проверка на најмалку еден завршен ангажман за секој PIC  (одговорен партнер) на циклична основа помеѓу 3 и 5 години, вклучувајќи елементи на непредвидливост. Ангажманите што се  разгледуваат секоја година се избираат на пристап заснован на ризик, покривајќи пресек на практиката за ревизија на EY Северна Македонија. Глобалната програма за AQR вклучува детални прегледи на досиета фокусирани на ризик, покривајќи примерок од котирани и некотирани ангажмани за ревизија, како и ентитети од јавен интерес и ентитети без јавен интерес, за да се измери усогласеноста со внатрешните политики и процедури; барањата на EY GAM; и релевантните локални професионални стандарди и регулаторни барања. Тоа исто така вклучува прегледи на примерок од ангажмани за уверување кои не се ревизија, извршени од ревизорските тимови. Овие мерки ја мерат усогласеноста со релевантните

професионални стандарди и внатрешните политики и процедури кои треба да се применуваат при извршувањето на услуги за уверување кои не се ревизија.

Глобалната програма за AQR исто така нè информира за нашата усогласеност со регулаторните барања, професионалните стандарди и политиките и процедурите.

Индивидуидите кои вршат преглед на AQR и лидерите на тимовите се избираат поради нивните вештини и професионална компетентност во сметководството и ревизијата, како и нивната индустриска специјализација. Ревизорите за ревизија се поддржани од други специјалисти, како што се FAIT (ИТ ревизија), TARAS (даноци), форензика или дигитални или други технички (на пр. секторски или предметни) за да тимот за преглед поседува доволно релевантно знаење и искуство за спроведување на ефективен AQR. Лидерите на тимовите и ревизорите се независни од ангажманите и тимовите што ги прегледуваат и обично се назначуваат за инспекции надвор од нивната матична локација.

Глобалната програма за AQR е дополнета со програма која опфаќа инспекции на други ангажмани за ревизија и поврзани услуги без оглед на секторот која ја извршува работата. Оваа програма се нарекува Програмата за квалитет на другите уверувања (OAQR).

Резултатите од процесите AQR и OAQR се сумираат на глобално ниво (вклучувајќи ги и Областите и Регионите), заедно со сите клучни области каде што резултатите укажуваат на потребата за продолжување на подобрувањата. Мерките за решавање на прашањата за квалитетот на ревизијата забележани од Глобалниот програм за AQR, прегулаторните инспекциина квалитетот и рецензиите од колеги се опфатени од страна на раководството на ревизија од страна на и нашиот PPD. Овие програми обезбедуваат важни повратни информации за мониторинг на практиката за нашиот Систем за управување со квалитет.

Последната внатрешна ревизија на квалитетот на ревизијата на овластени ревизори на EY Северна Македонија беше спроведена во август 2024 година за годината завршена на 31 декември 2023 година. Еден сертифициран ревизор и еден ангажман беа предмет на AQR. Финалниот извештај за инспекцијата беше издаден во јануари 2025 година, без значителни наоди, со препораки за подобрување.



## Надворешни прегледи на квалитетот

Практиката за ревизија на EY Северна Македонија и нашите регистрирани законски ревизори подлежат на тригодишна контрола од страна на Институтот на сертифицирани ревизори на Република Северна Македонија. Како дел од своите инспекции, Институтот на сертифицирани ревизори на Р. Северна Македонија оценува системите за контрола на квалитетот и прегледува избрани ангажмани.

Овој регулатор не е член на IFIAR.

Последната контрола за проверка на квалитет од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија беше спроведена во ноември 2022 година за годината завршена на 31 декември 2021 година. Финалниот извештај за инспекцијата беше издаден во октомври 2023 година, без значителни наоди.

Ние ги почитуваме и имаме придобивки од процесот на инспекција на Институтот на Овластени ревизори на Северна Македонија. ги оценуваме точките што беа истакнати за време на инспекцијата за да идентификуваме области каде што можеме да го подобриме квалитетот на ревизијата и релевантноста на Системот за управување со квалитет. Ангажмани во кои постојат значајни наоди и одредени други ангажмани подлежат на анализа на коренските причини (види следната секција). Заедно со процесот AQR, надворешните инспекции обезбедуваат вредни увиди во квалитетот на ревизиите на EY. Овие увиди ни помагаат да извршуваме квалитетниревизии на високо ниво.

Информации за горенаведениот законодавен орган може да се најдат на интернет страницата

www.iorrm.org.mk.



## Анализа на основната причина на ниво на ангажман

Анализата на основната причина на ниво на ангажман е централен дел од Системот за управување со квалитет на EY Северна Македонија, која обезбедува длабинска проценка на основните причини што стојат зад позитивниот или негативниот исход на инспекцијата на ангажманот. Наодите за секоја основна причина се детално анализирани.. Анализирањето на ова истражување овозможува подобро разбирање на факторите кои влијаат на позитивните и негативните исходи. Тоа исто така ни овозможува да се фокусираме на клучните однесувања кои поттикнуваат позитивни и висококвалитетни резултати, процес кој е основен за континуирано подобрување.

Во согласност со извршувањето на анализата на основни причини на ниво на ангажман, членките на EY се одговорни за оценување дали прашањата укажуваат на општи проблеми во нивниот Систем за управување со квалитет и за развој на одговорни акциони планови за отстранување на недостатоците.



Идентификување и оценување на недостатоците во Системот за управување со квалитет и извршување на анализа на основните причини

Наодите се информации за дизајнот, имплементацијата и функционирањето на Системот за управување со квалитет кои укажуваат дека може да постојат еден или повеќе недостатоци. Наодите се акумулираат од извршувањето на активности за мониторинг на ниво на членка, регион, област или глобално ниво. EY Северна Македонија ги оценува секој наод или збир на наоди, разгледувајќи ја релативната важност на наодите за да утврди дали постои недостаток.
Ако се идентификуваат какви било недостатоци, се спроведува процес на анализа за да се утврди основната причина, да се процени сериозноста и распространетоста на недостатокот и да сепреземат соодветни активности..

Претставниците од Регионалното и  Глобалното Раководство за Професионална Практиказа уверување редовно се состануваат за да ги прегледаат резултатите од активностите за мониторинг и оценката на наодите и недостатоците за да се постигне конзистентност во примената на рамката за идентификување и оценување на наодите и евалуација на недостатоците и извршување на анализа на основната причина, како што е опишано во Глобалната политика за мониторинг и отстранување на недостатоци на Системот за управување со квалитет.



Планови за подобрување на Системот за управување со квалитет

За секој идентификуван недостаток, се развиваат планови за подобрување на квалитетот на EY Северна Македонија, кои вклучуваат:
- Корекција на ефектот од идентификуваниот недостаток
- Навремено корегирање на утврдените недостатоци
- Оценување на ефективноста на мерките за корегирање

